

Гласник на Австралиско–сиднејската епархија при МПЦ – ОА

# ПРАВОСЛАВИЕ

списание за православна вера, култура и образование

Август 2017 | број 2 | година I

**Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски
г. Тимотеј**



Првиот архиепископ на возообновената Охридска Архиепископија
во лицето на Македонската Православна Црква
Негово Блаженство г. г. Доситеј (Стојковски) + 1906 - 1981



# СОДРЖИНА

















4 Предговор
**ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“**
Епархиски црковно – просветен совет

5 Беседа
**ВО ТОЈ ДЕН ПОХВАЛА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА НА УСПЕНИЕ**
Извадок од делото: „Свети Климент Охридски – Похвали и Поуки“

8 **ХРИСТОВОТО УЧЕЊЕ ЗА БОЖЈОТО ЦАРСТВО**
протојереј Чедомир Илиевски

10 Догматика
**GOD-THE HOLY TRINITY (LIGHT)**
prof. d-r Jovan Takovski, protoprezbyter

12 Литургиско богословие
**ЕВХАРИСТИЈА И СОБОРНОСТ**
протопрезвитер Георгиј Флоровски

16 Современо богословие
**СОВРЕМЕНИОТ ЖИВОТ И ПРАВОСЛАВНОТО ВОСПИТУВАЊЕ**
блажен Серафим (Роуз) Платински

20 Житија на Светители
**СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ (ЖИВОТ И ДЕЛО)**
Игумен Гаврил (Галев)

24 Поука
**ЗА ДУХОВНИОТ ЖИВОТ ВО ХРИСТОС**
игумен Гаврил (Галев)

29 Детско катче
**ЉУБОВТА КОН СВОИТЕ УЧИТЕЛИ**
Силвана Ѓоргиев

30 Црковна историја
**50 ГОДИНИ ВОЗОБНОВЕНА АВТОКЕФАЛНОСТ**
др. Ананија Ананиевски

36 **ИЛИНДЕСКОТО СОНЦЕ ГИ ГРЕЕ ЛИЦАТА НА МАКЕДОЦИТЕ ШИРУМ АВСТРАЛИЈА – 1 ДЕЛ**
Кире Циревски

41 **50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО И УМЕТНИЧКО ДРУШТВО (МКУД ИЛИНДЕН) – РОКДЕЈЛ (НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС)**
Марика Стојанова - Рок

46 Репортажа
**МАНАСТИР „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**
асс. м-р Владо Недески, презвитер

50 Вести и настани
**НАЈНОВИ ВЕСТИ ОД ЕПАРХИЈАТА**

56 Младинска Организација
**YOUTH AND A SPIRITUAL DIRECTION**
Dr. Ananija Ananievski


Предговор | Беседа | Догматика | Литургиско богословие
Современо богословие | Житија на Светители | Поука | Детско катче
Црковна историја | Репортажа | Вести и настани | Младинска Организација

# ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“

ЕПАРХИСКИ ЦРКОВНО – ПРОСВЕТЕН СОВЕТ




## Почитувни наши пријатели, браќа и сестри

Стигнавме до вториот број на епархискиот гласник на Австралиско -сиднејската епархија на МПЦ – ОА, „Православие“. Кога пред три месеци со особена радост и восхит го објавивме излегувањето на првенецот - првиот број, кој како што знаете беше посветен на неодамнешната посета на Неговото Високопреосвештенство г. Тимотеј, како надлежен архиерej на оваа епархија. Сега овој втор број на црковниот гласник го посветуваме на нашиот просветител и првоерарх Свети Климент Охридски, а со особен осврт на празникот Успение на Пресвета Богородица.

Во ова ново издание направивме и мали измени, а додадовме и новитети. Покрај вообичаените рубрики, овој пат отворивме уште една рубрика - репортажи, во која со секој нов, нареден број ќе биде опфатена панорама за еден манастир или црква во Македонија. Целта ни е да не ги заборавиме нашите корени, да се потсетиме и да ги истакнеме нашите духовни богатства, па на тој начин да оствариме поблизок контакт со Татковината, а кога ќе ни се понуди можност, и да ги посетиме.

Во овој втор број на црковниот гласник на нашата епархија, заради потребата пред сѐ на младите и на тие што се родени во Австралија, а на кои македонскиот јазик им станал втор јазик после англискиот, поместивме поголем број текстови на англиски јазик.

Исто така, отстапивме простор на нашите страници и за нашите сегашни и идни помагатели и спонзори - нашите страни секогаш ќе бидат отворени за вашите реклами. А на крај секако, и простор за вашите критики. „Православие“ го издаваме за вас драги наши пријатели, браќа и сестри. Токму затоа ни се потребни и вашите коментари (позитивни и негативни) за да знаеме по кој правец да се движиме и како да се подобриме, а „Православие“ да го направиме Ваше омилено списание. Затоа, искрено ве молиме, сите ваши забелешки, коментари, критики, пофалби да ни ги испраќате на pravoslavie@mpcaus.org. Некои од нив ќе бидат и јавно објавени. Првиот број на „Православие“ беше дочекан со многу коментари, но пред се усни и што за нас е најважно - позитивни. Најголемиот пак број на забелешки беше во смисла на јазикот на кој гласникот се печати и издава: македонски или англиски. Токму затоа, како што веќе споменавме, веќе во овој број поместени се повеќе текстови на англиски јазик.

Нека овој наш скромен труд биде во наследство и чест на светиот Климент, Охридскиот чудотворец. Тој самиот беше и за нас остана просветление со слово. Неговиот просветителски труд кој неуморно го вложил за просветлението на својот народ со што не задолжил и нас, ако сме негови наследници, да го продолжиме неговото дело. Ви посакуваме духовно насладување и просветление, читајќи го вториот број на „Православие“.





# ВО ТОЈ ДЕН ПОХВАЛА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА НА УСПЕНИЕ



*Превод: Радмила Угринова –Скаловска Извадок од делото: „Свети Климент Охридски – Похвали и Поуки“*

Еве го сега светлиот празник, со радост пријдете, возљубени, да се насладиме на ова пречудно чудо, отфрлајќи го мракот житејски, да ги просветлиме нашите духовни очи и да се издигнеме со умот, да го видиме пречудесното Успение на Господовата мајка и учениците негови собрани како облак да го испратат Пречистото тело на навистина Пресветата и преславната владичица наша Богородица и секогаш Дева Марија.

Затоа што со неа се обнови снеможениот род човечки, со неа се отвори Едем (рајот), што во старо време го затвори прабабата Ева. Со неа клетвата се разори, а благословот процути. И таму каде што смртта се всели, таму животот бесмртен излезе. Зашто таа се јави од небо, донесувајќи му го Творецот и на небото и на земјата. Со неа се обожестви човештвото, кога беше положен Христос во нејзината пресвета утроба.

Гледајќи нѐ Господ Бог наш, со измамата ѓаволска пропаднати во смрт и во гниење, не сакаше да го гледа созданието на својот лик остарено и во толкаво зло потонато, па со своето милосрдие се смилостиви на нас и наведнувајќи го небото слезе, како во старото време дождот врз руното (Судии 6, 37-40), вселувајќи се во утробата на Девицата и покривајќи го со плот своето божество. И во едно стана и Бог и човек, со двојна природа. Поради тоа се нарече Богородица, зашто го родила Него. Сега нејзиното пресвето Упокоение го почитуваме и светло се радуваме.

Но ако некој помислувајќи неприлично, си вели во умот: „Не моли ја да вкусиш смрт, таа што Го родила животодавецот Бог“, ние и на тие вака ќе им одговориме: Бидејќи на Адама му е речено по згрешувањето дека „земја си и вземја ќе одиш“, и бидејќи од тоа почнува родството и битието (1. Мојсеева), па и крајот, затоа и Господ наш Исус Христос слезе на земјата и го прими ова смртно тело и заради нас со телото ја вкуси смртта, а не со божеството, бидејќи со божеството е бесмртен и бесмртен е секогаш. Но бидејќи имаше двојна природа, Бог и човек, затоа искуси смрт со човечката, а не со божествената. И воскресна како бесмртен, воскреснувајќи го со себе првосозададениот Адам и другите праведници што умреа по Него. Затоа и Пресветата, секогаш Дева Марија, Божјата мајка и со плотта своја смртта ја вкуси. И сам Господ Бог слезе при неа и со мноштво бестелесни сили ја прими нејзината пресвета душа со пречесните раце и со молитвата на апостолите, собрани од сите страни, ја крена на облаците со духовна сила. Не само тие што беа живи, туку и тие што веќе беа се претставиле на сведоштво и испраќање на чесното тело на Пречистата мајка Господова. И оттаму ја внесоа во Гестиманија, за последно целивање и похвала да ѝ направат и така в гроб ја положија. И оттаму, на третиот ден, стана од гробот. Така требало, да биде отргната од гробот и да биде Мајката до Синот.

Денеска се претстави Мајката на Животот во предвечниот живот, отворајќи ги породилните врати на родот човечки. Денес се искачува Мајката на нашиот Господ Бог од долниот Ерусалим во горниот и небесниот град на вечното Христово царство. Денес пресветлиот облак се искачува кон непристапната светлина на бестелесните сили. Кон неа сега клањајќи се велегласно зборуваме, за нејзината похвала:

Радувај се, породо духовна, од која се источи бесмртност на родот човечки.

Радувај се, нов ковчегу, ти нема да ги понесеш камените таблици, туку самиот законодавец Христос, Спа-




ситеот на светот што си го родила.
Радувај се, капино несогорлива, што го понесе божествениот оган во својата пречиста утроба.
Радувај се, горо несечена, од која го исече каменот на разумот Христос, и ги сотре идолските светилишта и нивните храмови ги изгоре.
Радувај се, пресветол облаку, што го понесе мисловното сонце Христос во својата утроба.
Радувај се, радост на бестелесните сили, што си го зачнала бессемено Творецот ангелски и Градителот на сиот свет и си го родила неизречено.
Радувај се, пророчко исполнение и извршување на нашата обнова.
Радувај се, апостолска радост и цврста поткрепа на мачениците.
Радувај се, пространа ризницо на невместливата природа.
Радувај се, Светилнику на светлината што не зајдува и што ја примаш во себе, а со своите пресветли молитви богоразумно го осветуваш и секогаш светиш во сиот свет.
Радувај се, трпезо духовна, што си го примила небесниот леб и го даваш за спасение на сите им даваш за живот на верните.

**А́нгели, успе́нїе Пречи́стыѧ ви́дѣвше, удиви́шасѧ: ка́ко Дѣ́ва восхо́дитъ ѿ земли́ на не́бо.**

Радувај се, обновување Адамово и Евино простување.
Зашто со Тебе, Господарке, се избавивме од идолските измами, со тебе пак најдовме враќање во првобитниот живот. Со Тебе, Пресвета Господарке, синови Божји се нарекуваме, крстејќи се со вера во Пресвета Троица. Со Тебе нашиот непријател ѓаволот беше победен, во вечен оган осуден и со сите лоши духови. Со Тебе, Пресвета Девице, нашите болести и страдања се острануваат и бесовската служба се уништува. Со Тебе, Пресвета, гордеrange ливите стануваат смирени, а бедните се обогатуваат, хранети од благодат. Со Тебе, Господарке, рајот се отвори и Царството им се дарува на тие што веруваат во Божјата Мајка. Зашто Ти им си на тажните поткрепа и на болните исцеление, бидејќи го понесе Он што ги носеше болките и страдањата наши на Себе. Тебе те слават, Дево Богородице, архангелските и бестелесните легиони. Тебе те слават патријарсите и пророчките чинови. Тебе Те почитуваат ангелските собори и маченичките војски. Ти си им на архиереите венец и на човечкиот род спасение.
Затоа и сега непрестајно моли се за нас што го почитуваме Твоето Пресвето Успение, изгонувајќи секакви страдања и лекувајќи болести, растурајќи искушенија и уништувајќи ереси, подавајќи му здравје на светот и Царството небесно, молејќи од Синот свој небесниот Исус Христос, Нему да е секоја слава, чест и поклонение со Неговиот Беспочетен Отец и со Пресветиот и Животворен Дух, сега и секогаш и во сите векови. Амин.





# СЕЈАЧОТ И СЕМЕТО

(ЕВАНГЕЛИЕ ПО МАТЕЈ, 13, 1-19).

# ХРИСТОВОТО УЧЕЊЕ ЗА БОЖЈОТО ЦАРСТВО

*протојереј Чедомир Илиевски, старешина на храмот „Свети Јован Крстител“ во Цилонг (Викторија)*

Господ Исус Христос го поучувал народот за царството Божјо. Проповедал дека царството Божјо нема ништо заедничко со владеењето на земното царство. Тоа не е од овој свет – не е материјално, туку духовно. Во неговата власт се наоѓаат душите на луѓето, а не материјалните богатства. За остварување на царството Божјо не се потребни ниту пари, ниту скапоцени предмети, ни земја, ни војна, ниту политичка власт над светот. Секое земно царство, колку и да е големо и силно, секогаш имало и ќе има свои граници во време на траење и постоење, па според тоа осудено е на пропаст. А царството Божјо нема никакви граници, тоа е вечно. Господар на тоа Царство е Самиот Господ Исус Христос, Синот Божји. Под Негова власт се сите човечки души, и тоа без исклучок. Народност, јазик, раса, слава, богатство - сето тоа нема никакво значење. На сите им е слободен пристапот во тоа Царство. Но за тоа наследство потребно е да се преобрази душевно, да се покае, односно да се ослободи од сите свои лоши дела и навики, злоба, завист и омраза кон другите. Треба да се сака и Бог и луѓето, треба да се помагаат ближните, да не се посакува и да не се прави на другите она што не се посакува за себе. Тогаш ќе има среќа за секој човек и за целото човештво.

За голем број на слушателите, современиците на Христа, тоа учење било сосема ново и неразбирливо. Поради тоа во главите на тогашните Христови слушатели се јавувале многу прашања. И токму заради тоа Господ Исус Христос започнал да го објаснува своето учење преку приказни, односно со прости примери земени од секојдневниот живот.







Во овој момент ќе се задржиме за приказната за Сејачот и семето (Евангелие по Матеј, 13, 1-19).
Царството Божјо е како сејач кој излегол да сее семе. Сеејќи, едни зрна падналe покрај патот; долетале птиците и ги исколвале. Други падналe на камено место, каде што немало многу земја, и набргу проникнале, оти земјата не била длабока. Но, штом изгреало сонцето, тие свенале, па бидејќи немале корен, се исушиле.
Некои паднале во трње и израснале трњето и го задушиле. Други паднале на добра земја и дале добар плод; едни сто, други шеесет, а трети триесет.
Кога Господ Исус Христос ја кажал оваа приказна за Сејачот и семето, ниту Неговите ученици веднаш не ја разбрале што таа значи, затоа и Го прашале: „Зошто во приказна им зборуваш?“ А Он им одговорил: „Затоа што вам ви е дадено да ги знаете тајните на царството Небеско, а ним не им е дадено. Вие, пак, чујте ја приказната за сејачот. Сејачот е Синот Божји, а семето е Неговата наука, која Он ја проповеда на народот заради спасение. Местата на кои, според оваа приказна, паѓаат зрната ги означуваат луѓето кои ги слушат зборовите на Синот Божји, но не ги примаат подеднакво.
Местото покрај патот – ги претставува оние луѓе површни и лесномислени, кои не се трудат за своето спасение и кон Божјата наука се однесуваат сосема рамнодушно. Тие ги слушат Божјите зборови, но веднаш доаѓа лукавиот и го граби посеаното од срцето нивно; ете, тоа го означува посеаното покрај патот.
А посеаното на камено место – ги означува неодлучните и непостојаните луѓе, кои ја слушаат науката за спасението, и веднаш со радост ја примаат, но нема во себе корен и е непостојана, па настане ли жалост или гонење заради Христовата наука, таквите веднаш се соблазнуваат и повторно започнуваат да го живеат живот како и порано непобожен.
Посеаното, пак, на местото со трње ги означува оние луѓе, кои исто така ја слушаат науката за спасението, но грижите за она што е од овој свет и минливо, како и желбите за примамливото богатство и задоволствата ја задушуваат науката и таа останува без род.
А посеаното на добрата земја ги означува оние луѓе, кои ја слушаат Божјата наука, и со добро и чисто срце живеат според неа, и таа дава плод, кај едни сто, кај други шеесет и кај трети триесет“.

**Царството Божјо секогаш започнува во душата на човекот. Тоа се појавува во срцето како мало семе. На почетокот е скоро неприметливо, а потоа одеднаш ќе го измени внатрешниот изглед на човекот и како големо растение ќе постане видливо за секој еден.**



# GOD-THE HOLY TRINITY (LIGHT)

*prof. d-r Jovan Takovski, protoprezbyter*



Based on the Holy Scriptures and the Teachings of the Holy Fathers, as well as on his personal experience, Saint Clement of Ohrid ascertains the fact that God is Light. God always was and will be. He has no beginning, nor end; He is not limited by time, nor hour, nor day, nor season, nor year, because the Creator of those ages cannot be subjugated by them. He is immeasurable and innumerable, because there is nothing – visible or invisible, that could contain Him and enclose Him within.

Saint Clement quotes Saint John the Evangelist and says: "God is light and in Him is no darkness at all" (1 John 1:5). He Himself is Light. One and the same is the Light in the Father, in the Son and in the Holy Spirit, known and felt. What the Sun is to the visible world, such is God to all invisible, yet cognitive and sensed things.

Further in the same sermon (on the Nativity), the author speaks briefly on the Persons of the Holy Trinity to continue with the Triune Light, whereby he emphasizes the single sovereignty of the Holy Trinity, that is the monarchy of the Father, contrary to the Latins who have by then introduced double sovereignty in relation to the procession of the Holy Spirit. Thus, he writes: "The Holy Spirit is Spirit indeed and not the Father or the Son... the name of the Comforter is Spirit, Who proceeds only from the Father, as the Lord has said – the Spirit of truth, Who proceeds from the Father..." The Holy Spirit does not proceed from two beginnings, but He is one and is of a single beginning. The Holy Spirit exists from eternity with the Father and rests on the Son. Remaining on the Son of God, the Holy Spirit rests on Him and does not proceed from Him, as some think, reasoning incorrectly. In that way they accept that the Holy Spirit comes from two beginnings. Yet, since there are not two beginnings, but rather one, the Father is the source of the whole Deity, and the son and the Holy Spirit are like two God's sprouted tillers or as two brightest flowers, as we have heard from the Holy Fathers.

God is one in three hypostases or persons: Father, Son and Holy Spirit: "One Light in three Lamps in which the Deity is – Light and Light and Light. Light is the father, Light is the Son, Light is the Holy Spirit. All is one Light, as the Holy Fathers say, who have understood this with reason and through revelation. And not just by reason, but truly they comprehend this through divine revelation, being of stronger and richer mind. In the dispute with the Saracenes and the Jews, St. Cyril had also clearly confessed the Triune Deity with no beginning and had shown that the Father and the Son and the Holy Spirit shine equally in one essence.

Saint Clement of Ohrid distinguishes three kinds of light: God, the angles and man. God is eternal Light, endless, untouchable, unattainable for the mind, inexpressible, uncontainable. Light that illuminates every creature of reason. This Light is to the spiritual world what the Sun is to the visible (material) world. The more we purify ourselves, the move we feel that Light; the more we feel it the more this Light impels us to love it; the more we love this Light, the more it becomes cognitional to our mind. No one can rise above it, nor can anyone contain it, for there is nothing that is, was, or will ever be loftier and greater than this Light. Only the Light knows itself in its essence; only the Light contemplates and contains itself, showing a glimpse of itself to those outside of it... We speak of the Light that is in the Father and the Son and the Holy Spirit, who's Deity is in three hypostases, and the dazzling brightness of the Light is one.

The Second light is the angel, whose existence lies firmly in the First Light, drawn nigh to that Light by communion; it receives Light and shines (or radiates light) by ministering (unto the First Light). On the angles as ministers to the First Light, St. Clement teaches in his Sermon On the Holy (I 639): "The most perfect power of the Triune Deity with no beginning, that is the Wisdom of the father, created the invisible world..., after He adorned with light the celestial powers and made them second ministers to the First Light". In the Eulogy of the Holy Archangels Michael and Gabriel, St. Clement explains further: "They (the angles) shine with the Light of God Himself. They are honored with the Divine Light. They savor the inexpressible Light; Archangel Gabriel is a true servant of the Triune Light with no beginning; Archangel Michael always shines with the unreachable Light of the Tri-Sun Deity. Archangel Gabriel is the brightest annunciator of the World with no beginning – the Light of the Father; through his voice, the whole earth shone with joy; by his news, the Most Pure and Immaculate Mother of God conceived the Divine Light – the Light of the Father without semen, in a supernatural, inexpressible way.

**THE THRIGHT LIGHT IS MAN, WHO THE MORE HE PURIFIES HIMSELF, THE NEARER HE DRAWS TO GOD, AND THUS SEES THE LIGHT IN THE LIGHT OF THE LORD. HE WILL SHINE BRIGHT AS THE SUN IN THE LIGHT OF THE KINGDOM, WHEN GOD WILL STAND AMIDST THE GODS (BY GRACE), DISTRIBUTING AND DIVIDING THE INHERITANCE OF THE PLACES BLISS.**







**ST. ANDREI RUBLEV**
icon of the Trinity

# ЕВХАРИСТИЈА И СОБОРНОСТ

*протопрезвитер*
*Георгиј Флоровски*

**Никој да не плаче поради сиромаштија, зашто се јави сеопштото Царство...**



Светата евхаристија се извршува во спомен на Христос.

И, пред сè, во спомен на Тајната Вечера, кога Господ ја востановил и за прв ја извршил најсветата тајна на Новиот завет со Своите ученици, заповедувајќи им: „Правете го ова во мој спомен...“. Но тоа не е само спомен. Луѓето се сеќаваат на нешто што било и што поминало, на нешто што се случило и што го нема повеќе. А Тајната Вечера не е извршена само еднаш, туку таинствено се продолжува до крајот на вековите, - „додека не дојде“... Ние тоа го исповедуваме секој пат, пристапувајќи кон евхаристиската Чаша: „Прими ме денес, Сине Божји, за учесник на Твојата Тајна Вечера“. Таа се продолжува, а не се повторува. Зашто една е жртвата, едно е принесувањето, еден ѐ Јерејот, „Оној што принесува и што се принесува“... И овде чиноначалствува истиот тој Христос; „Оној Кој ја извршил онаа трпеза, ист е Оној, Кој ја извршува и оваа сега“, ни говори Златоуст. И додава: „Таа трпеза, за чие времетраење е востановена Тајната, со ништо не е пополна од која било по неа, зашто и денес како и тогаш Он е Тој што сè извршува и сè предава“.

Во тоа се открива тајната на соборноста, Тајната на Црквата. Апостолот таинствено зборува за Црквата, како за полнота или исполнување Христово. И Златоуст објаснил дека „полнотата“ значи дополнување – Црквата е исполнување на Христос, кој е Глава кога е совршено Телото...“. Телото Христово, Црквата, настанува, се исполнува во времето. На сличен начин и секоја евхаристија е исполнување на Тајната Вечера, нејзино остварување и откривање во светот и во времето. Секоја евхаристиска служба е целосно изображена од една голема евхаристија, која Спасителот ја извршил на Тајната Вечера во предвечерието од Своите доброволни страдања. Како што велел Златоуст, секоја евхаристија е целосна Жртва - „неа и сега ја принесуваме“, принесена тогаш, таа, која никогаш не осиромашува (не престанува, не се троши, не се прекинува). Секогаш и секаде Христос е еден, „и таму целосен, и овде целосен...“.

Како вечен Првосвештеник, Спасителот „за нас непрестајно ја извршува таа служба“, вели проникливиот византиски литургичар Николај Кавасила. Не како Он повторно да слегува на земјата и да се воплотува или да се вселува во осветените Дарови - „не како вознесеното Тело да слегува од небото...“. И при Своето вознесение Христос, Кој седи од десната страна на Отецот, не се одделува од земјата и „неотстапно живее во Својата Црква“. Како што велел Златоуст, „Христос својата плот и нам ни ја оставил и со неа се вознел“. Смислата на страшното и неисповедливо (неискажливо) евхаристиско претворање е во тоа дека со таинственото дејство на Светиот Дух, Кој во светот се испраќа од Отецот преку Синот, неискажливо го исполнува пречистото Тело Христово. Во тоа е и тајната. Жртвата не се повторува, не се повторува колењето (жртвувањето)... „Таа жртва“, вели Кавасила за евхаристијата, „не се извршува преку жртвувањето на Агнецот во тој час, туку преку претворањето на лебот во заколениот Агнец. По силата на молитвеното призивање од Црквата, со надоаѓањето на Духот предложените дарови се осветуваат. Со Неговата благодатна сила тие се исклучуваат од гнилежните кругови на природниот живот. Чесните Дарови се примаат на наднебесниот Божји Жртвеник и стануваат вистинско Тело и Крв Христови. Преку тоа тие се усвојуваат (влегуваат) во единството Ипостаси на Бог Логосот. Тоа е Самиот Христос – Кого го познаваме во две неслеани природи“...







**Се раѓа ново, соборно човештво – род христијански... Сè е – еден Христос, како едно тело од многу делови“,**

*преп. Симеон.*

„На почетокот, Он рекол: „нека израсне од земјата зеленило и трева“ , објанува Дамаскин, „и ете до сега таа, откако ќе биде наросена од росата, произведува свои растенија, побудена и укрепена со божествената заповед. Така и овде Бог рекол: „Ова е Телото мое и ова е Крвта моја, и ова правете го за Мој спомен, и по Неговата сесилна заповед така и бидува, додека не дојде Он... И преку повикување (епиклеза) се јавува дожд заради тоа ново земјоделство – осенувачката сила на Светиот Дух“.

Тоа „ново земјоделство“, според смелиот Дамаскинов израз, е една космичка тајна, осветување на природата – преображение и препочеток на онаа голема обнова што доаѓа, кога Бог ќе биде сè во сè. Тоа е почеток на новото небо и на новата земја. Во Светата евхаристија земјата веќе овде станува небо: „Зашто сега на земјата може да се види Телото на Царот на Небесата“, забележува Златоуст. Меѓутоа, тоа не е самодоволно физичко, природно чудо, не е само преображение (преизменување) на тварноста. Зашто евхаристиското чудо се извршува заради човекот и се извршува преку човечката природа на Воплотеното Слово (Логосот). Евхаристијата е „лек на бесмртноста“, според изразот на светиот Игнатиј Антиохиски - „лек на животот, лек на нераспадливоста“. Тоа е негнилежна и бесмртна човекова храна. Евхаристијата се извршува заради опит. И тоа е, пред сè, Трпеза. И примајќи ги телесно евхаристиските Дарови, ние најдлабоко се соединуваме со Христос, со Христос – Богочовекот. Зашто плотта Господова, одухована и жива преку единството на Ипостосот на Воплотениот Логос, веќе е обожена, зашто „Телото на Бога е над сè што постои“, според Златоуст. По силата на неизменливото и неразделното единство на двете природи во Лицето на Богочовекот, преку евхаристијата, преку „преизменувањето на телото и на крвта“, како што се изразува Дамаскин, „ние стануваме причесници на Исусовото Божество“. И за телесно – духовното суштество, каков што е создаден човекот, нема друг пат и начин за соединување со Бога – како што открил Самиот Господ (Јован 6, 53).

Создавајќи ја Својата Црква, во таинственото испреварување на Своите спасоносни страдања, Господ на Тајната Вечера ја востанови најсветата Тајна на Новиот завет, и им открива на учениците дека тоа е Тајната на единството и на љубовта. За љубовта ги учи и ги воспитува Спасителот Своите апостоли таа ноќ. И зборува за љубовта како за соединувачка сила. Он за Себе зборува како за нов и втор Адам – како нов Адам, Господ е пат за луѓето, кои во Него и преку Него Му приоѓаат на Отецот. И таинствениот Дом на Отецот, во кој живеат мнозина, тоа е Самиот Господ, во чие Тело, Црквата, оние што веруваат во Него со благодатната сила на љубовта се соединуваат во таинствената сотелесност со Него и помеѓу себе. И се соединуваат преку тајната на Телото и Крвта – според



самите Негови зборови: „Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него“ (Јован 6, 56). Апостолското учење за Црквата како Тело Христово, пред сè го предава литургиското искуство, и ја изразува евхаристиската реалност. Бидејќи Лебот е само еден, едно Тело сме ние многуте, зашто сите сме причесници од еден Леб“ (1 Кор. 10, 17). Златоуст објаснува: „Ние сме самото тоа Тело. Бидејќи што е Лебот? Тело Христово... Не многу тела, туку едно Тело...“.

Во светата евхаристија верниците стануваат Тело Христово. И затоа евхаристијата е Тајна на Црквата, „Тајна на собирот“, „Тајна на општењето“. Евхаристиското општење не е само духовно или морално единство, не е само единство на доживувањето, волјата и чувствата. Тоа е реално и онтолошко единство, остварување (осуштествување) на еден органски живот во Христос. Самиот образ (лик, икона) на Телото укажува на непрекинатоста на животот. На верниците, според силата и мерата на нивното соединување со Христос, им се открива единствен богочовечки живот во општење на Тајната, во единство на живототворниот Дух. Древните Отци не се двоумеле да зборуваат за „природното“ и „физичко“ општење; реалистички ја објасниле евангелиската икона на Лозата. Свети Кирил Ерусалимски причесниците на евхаристиската Чаша ги нарекува „сотелесни и еднокрвни на Христос“. „Во своето единствено Тело“, вели свети Кирил Ерусалимски, „Христос, со посредство на таинствениот благослов, ги прави верниците Свои сотелесници и сотелесници едни на други, за и ние самите да влегуваме и да се мешаме во единство со Бога и меѓу себе, иако секој од нас со телото и со душата се одделува во посебна личност...“. „Заради тоа Он се помешал со нас и Своето Тело го растворил во нас“, вели Златоуст, „за да составиме нешто единствено, како што е телото, кое се соединува со главата. И тоа е знак на најсилната љубов. Јас сакав да станам ваш брат. Заради тоа зедов дел во телото и во крвта. И тие тело и крв, со кои станав сокрвен со вас, повторно ви ги давам“. Во евхаристијата се руши (се симнува, се укинува) човечката непробојност и исклучивост. Верниците стануваат „делови“ во Христос и преку тоа – делови едни на други. Се раѓа ново, соборно човештво – род христијански... Сè е – еден Христос, како едно тело од многу делови“, вели преп. Симеон.

Евхаристијата е соборна тајна, тајна на мирот и на љубовта, и затоа е тајна на единството. Mysterium pacis et unitatis nostrae, според изразот на блажениот Августин. Тоа е Вечера на љубовта. Како што навистина Тајната Вечера била Вечера на љубовта кога Господ им го открил и им го покажал на учениците „најдобриот пат“, совршен во љубовта – по ликот на Неговата љубов: „Како што Ја ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг“ (Јован 13, 34). И повеќе од тоа – по ликот на Троичната љубов: „Како што Ме возљуби Отецот, и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов!“ (Јован 15, 9). Заповедта за љубовта Господ ја води кон тајната за Троичното единство – зашто таа тајна е љубов: „И тоа име на Бога му е поугодно од





кое било друго име“, забележува свети Григориј Богослов. Заклучувајќи ја Својата проштална беседа со првосвештеничка молитва, Спасителот се моли за соединување и единство на верниците во Него: „за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно... Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно...“ (Јован 17, 21-23). За нас, разделените и одделени, тоа соединување по ликот на Троица, едносуштна и неразделива, е можно само во Христос, во Неговата љубов, во единството на Неговото Тело, во заедницата на Неговата Чаша. Во единството на соборната Црква таинствено се одразува Троичната едносушност, и по ликот на Троичната едносушност и кружењето на Божествениот живот во мноштвото верници се одразува една душа и едно срце . Тоа свое единство и соборност Црквата го препознава и го остварува (осуштествува) пред сè во евхаристиското тајнодејство.

Може да се каже дека Црквата е икона на Пресветата Троица, лик во тварта – затоа и откривањето на Троичноста е поврзано со основањето на Црквата. И евхаристиското општење е исполнување и врв на црковното единство.





# БЛАЖЕН СЕРАФИМ (РОУЗ) ПЛАТИНСКИ

*Life in our contemporary world has become very artificial, very uncertain, very confusing. Orthodoxy, it is true, has a life of its own, but it is also not very far from the life of the world around it, and so the life of the Orthodox Christian, even when he is being truly Orthodox, cannot help but reflect it in some way.*

## СОВРЕМЕНИОТ ЖИВОТ И ПРАВОСЛАВНОТО ВОСПИТУВАЊЕ

Православието е живот. Ако не живееме Православно ние едноставно не сме Православни, без разлика на било кои формални верувања кои можеме да ги имаме.

Животот во нашиот современ свет стана многу вештачки, многу несигурен, многу збунувачки. Вистина е дека Православието има свој начин на живот, но исто така не е многу далеку од животот во светот и така, животот на православниот христијанин, иако кога тој е навистина Православен не може да сокрие, а да не го одразува тоа на некој начин. Некој вид на несигурност и збунетост исто така влезе и во православниот живот во нашите времиња. Во овој разговор ќе пробаме да погледнеме кон современиот живот и потоа кон православниот живот за да би виделе како подобро можеме да ја исполниме нашата христијанска должност за да водиме неовоземски живот, иако во овие доста ужасни времиња и да имаме православен христијански поглед кон целокупниот живот денеска кој ќе ни помогне да ги преживееме овие времиња и притоа нашата вера да остане недопрена.

### Животот денес станува абнормален

Секој кој гледа кон нашиот современ живот од перспективата на нормалниот живот кој луѓето го живееле во минатото време, да речеме во Русија или Америка или било која земја од Западна Европа во 19-от век не може да не биде шокиран од фактот колку абнормален станува животот денеска. Целиот концепт на авторитет и послушност, на пристојност и учтивост, на јавно и приватно однесување – сè се смена драстично, сè е превртено наопаку освен некои изолирани групи на луѓе кои се обично некој вид на христијани кои се обидуваат да го зачуваат таканаречениот „старомоден“ начин на живот.

Нашиот абнормален живот денеска може да биде карактеризиран како расипан, разгален. Од рано детство денешното дете се третира (како општо правило) како мал бог или богиња во фамилијата: му се служи на неговите желби и тоа дете е опкружувано со играчки, возбудувања, удобности. Тоа дете не е тренирано и воспитувано според строгите принципи на христијанското воспитување, но оставено е да оди по било каков пат каков што неговите желби посакуваат. Обично доволно е за детето да каже: „Сакам!“ или „Не сакам!“, за неговите услужни родители да се поклонат пред него и да му допуштат да биде по негово. Можеби ова не се случува цело време и во секоја фамилија, но се случува доволно често за да биде општо познато правило на современото одгледување на детето, дури и најдобронамерните родители не можат целосно да го избегнат тоа влијание. Дури и ако родителите се обидуваат строго да го воспитуваат детето, соседите ќе се обидат да направат нешто друго. Тие мораат да го земат тоа во предвид кога ќе го воспитуваат детето.

Кога такво дете ќе стане возрасен човек, по природен пат тој повторно е опкружен со истите работи со кои бил навикнат во неговото детство: удобности, возбудувања, играчки за возрасни. Животот станува постојано трагање за „забава“. Во Русија во 19-от век немаше да разберат што значи овој збор или било која друга сериозна цивилизација. Животот е постојано трагање за „забава“ која е толку празна од секое сериозно значење така што посетител од било која 19-то вековна држава, гледајќи кон нашите популарни телевизиски програми, забавни паркови, реклами, филмови, музика и скоро во секој аспект од нашата популарна култура ќе мислеше дека се сопнал и се нашол во земја на идиоти кои имаат изгубено контакт со нормалната реалност. Често ова не го земаме во предвид затоа што живееме во ова општество и сè земаме здраво за готово.

Некои од последните набљудувачи на нашиот современ живот ги нарекоа младите луѓе на денешницата „генерација Јас“ и нашите времиња „времиња на нарцисизам“, карактеризирани со обожување и фасцинација со самиот себе кое што го спречува нормалниот човечки живот од развивање. Други кажуваат за „пластичен“ универзум или свет на фантазија во кој многу луѓе живеат денес кои се неспособни да се соочат со условите на реалниот свет околу нив или со нивните проблеми.

Кога „генерацијата Јас“ се претвори во религија – нешто кое се случува многу често во изминатите неколку децении – тоа е обично "пластичен" или фантазиски облик на религија: религија на „личен развој“ (каде што личноста станува предмет на обожување), перење на мозокот и контролата на умот, религија на обожените гуруа и свами, следењето на НЛО и вонземјански суштества, религија на абнормални духовни состојби и чувства. Нема да зборуваме за сите овие манифестации кои најверојатно ви се познати на повеќето од вас, но малку подоцна ќе разговараме за тоа какво влијание тие имаат на денешниот православен христијански духовен живот.

Важно е за нас да разбереме, ние кои што се обидуваме да живееме христијански живот во денешно време, дека светот кој е формиран од нашето расипано време прави побарувања врз душата, дали во религијата или во световниот живот. Тој свет треба да се нарекува: тоталитарен. Во световниот живот





### ЗА ДЕЦАТА

*„Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат при Мене, зашто на такви е царството небесно.“*



очигледно е дека човекот не се соочува само со повремени искушенија туку со постојана состојба на искушение која напаѓа, дали со музиката во позадина која е насекаде по продавниците, со јавните знаци и билборди по градските улици, со рок музиката која е насекаде, со телевизијата во самиот дом каде што таа често станува тајниот владетел во куќата диктирајќи модерни вредности, мислења и вкусови. Ако имате млади деца сигурно знаете дека ова е вистина. Кога имаат видено некое ново мислење на телевизија тоа станува многу тешко за да се борите со тоа мислење на кое му е дадено авторитет.

Пораката на ова универзално искушение што го напаѓа човекот денеска доста отворено во световни форми (често и во скриени религиски форми) е: живеј за сегашноста, уживај, опушти се. Всушност ние треба да сфатиме дека тоа што се случува денеска во светот е многу слично помеѓу себе, било позади сцената или во слободниот свет и постои многу сличен напад за да ни ја земе душата. Во комунистичките земји каде што имаат официјална доктрина на атеизам, тие ќе кажат доста отворено дека ти ќе: заборавиш за Бога и за кој било друг живот освен сегашниот, ќе го отфрлиш од својот живот стравот Божји и почитувањето на светите работи, во однос на оние кои што сè уште веруваат во Бога на „старомодниот“ начин ќе ги третираш како непријатели кои мораат да бидат истребени. Како симбол на нашите безгрижни, „забавни“, себе-обожувачки времиња може да се земе нашиот Американски Дизниленд. Ако е така, ние треба да го видиме злото кое покажува каде оваа „генерација Јас“ навистина оди: Советскиот Гулаг, ланецот на концентрационите логори кој веќе владее со животот на скоро половина луѓе од светската популација.

# MODERN LIFE AND ORTHODOX UPBRINGING

*blessed Seraphim (Rose) Platinum*

Orthodoxy is life. If we don't live Orthodoxy, we simply are not Orthodox, no matter what formal beliefs we might hold.

Life in our contemporary world has become very artificial, very uncertain, very confusing. Orthodoxy, it is true, has a life of its own, but it is also not very far from the life of the world around it, and so the life of the Orthodox Christian, even when he is being truly Orthodox, cannot help but reflect it in some way. A kind of uncertainty and confusion have also entered into Orthodox life in our times. In this talk we will try to look at contemporary life, and then at Orthodox life, to see how better we might fulfill our Christian obligation to lead other-worldly lives even in these quite terrible times, and to have an Orthodox Christian view of the whole of life today that will enable us to survive these times with our faith intact.

## Life Today Has Become Abnormal

Anyone who looks at our contemporary life from the perspective of the normal life lived by people in earlier times—say, Russia, or America, or any country of Western Europe in the 19th century—cannot help but be struck by the fact of how abnormal life has become today. The whole concept of authority and obedience, of decency and politeness, of public and private behavior—all have changed drastically, have been turned upside down except in a few isolated pockets of people—usually Christians of some kind—who try to preserve the so-called "old-fashioned" way of life.

Our abnormal life today can be characterized as spoiled, pampered. From infancy today's child is treated, as a general rule, like a little god or goddess in the family: his whims are catered to, his desires fulfilled.; he is surrounded by toys, amusements, comforts; he is not trained and brought up according to strict principles of Christian behavior, but left to develop whichever way his desires incline. It is usually enough for him to say, "I want it!" or "I won't do it!" for his obliging parents to bow down before him and let him have his way. Perhaps this does not happen all the time in every family, but it happens often enough to be the rule of contemporary childrearing, and even the best-intentioned parents do not entirely escape its influence. Even if the parents try to raise the child strictly, the neighbors are trying to do something else. They have to take that into consideration when disciplining the child.

When such a child becomes an adult, he naturally surrounds himself with the same things he was used to in his childhood: comforts, amusements, and grown-up toys. Life becomes a constant search for "fun" which, by the way, is a word totally unheard of in any other vocabulary; in 19th century Russia they wouldn't have understood what this word meant, or any serious civilization. Life is a constant search for "fun" which is so empty of any serious meaning that a visitor from any 19th-century country, looking at our popular television programs, amusement parks, advertisements, movies, music—at almost any aspect of our popular culture—would think he had stumbled across a land of imbeciles who have lost all contact with normal reality. We don't often take that into consideration, because we are living in this society and we take it for granted.

Some recent observers of our contemporary life have called the young people of today the "me generation" and our times the "age of narcissism," characterized by a worship of and fascination with oneself that prevents a normal human life from developing. Others have spoken of the"plastic" universe or fantasy world in which so many people live today, unable to face or come to terms with the reality of the world around them or the problems within themselves.

When the "me generation" turns to religion—which has been happening very frequently in the past several decades—it is usually to a "plastic" or fantasy form of religion: a religion of "self-development" (where the self remains the object of worship), of brainwashing and mind-control, of deified gurus and swamis, of a pursuit of UFO's and "extra-terrestrial" beings, of abnormal spiritual states and feelings. We will not go into all these manifestations there, which are probably familiar enough to most of you, except to discuss a little later how these touch on the Orthodox Christian spiritual life of our days.

It is important for us to realize, as we try ourselves to lead a Christian life today, that the world which has been formed by our pampered times. makes demands on the soul, whether in religion or in secular life, which are what one has to call totalitarian. This is easy enough to see in the mind bending cults that have received so much publicity in recent years, and which demand total allegiance to a self-made "holy man"; but it is just as evident in secular life, where one is confronted not just by an individual temptation here or there, but by a constant state of temptation that attacks one, whether in the background music heard everywhere in markets and businesses, in the public signs and billboards of city streets, in the rock music which is brought even to forest campgrounds and trails, and in the home itself, where television often becomes the secret ruler of the household, dictating modern values, opinions, and tastes. If you have young children, you know how true this is; when they have seen something on television how difficult it is to fight against this new opinion which has been given as an authority by the television.

The message of this universal temptation that attacks men today—quite openly in its secular forms, but usually more hidden in its religious forms—is:Live for the present, enjoy yourself, relax, be comfortable. Behind this message is another, more sinister undertone which is openly expressed only in the officially atheist countries which are one step ahead of the free world in this respect. In fact, we should realize that what is happening in the world today is very similar whether it occurs behind the Iron Curtain or in the free world. There are different varieties of it, but there is a very similar attack to get our soul. In the communist countries which have an official doctrine of atheism, they tell quite openly that you are to: Forget about God and any other life but the present; remove from your life the fear of God and reverence for holy things; regard those who still believe in God in the "old-fashioned' way as enemies who must be exterminated. One might take, as a symbol of our carefree, fun-loving, self-worshipping times, our American "Disneyland"; if so, we should not neglect to see behind it the more sinister symbol that shows where the "me generation" is really heading: the Soviet Gulag, the chain of concentration camps that already governs the life of nearly half the world's population.



## BLESSED SERAPHIM (ROSE) PLATINUM

***Seraphim Rose (born Eugene Dennis Rose; August 13, 1934 – September 2, 1982), also known as Seraphim of Platina, was an American hieromonk of the Russian Orthodox Church Outside Russia who co-founded the St. Herman of Alaska Monastery in Platina, California. He translated Orthodox Christian texts and authored several works (some of them considered polemical). His writings have been credited with helping to spread Orthodox Christianity throughout the West; his popularity equally extended to Russia itself, where his works were secretly reproduced and distributed by samizdat during the Communist era, remaining popular today.***




*Браќа, да се отрезниме и да не се именуваме христијани само по име, туку да се потрудиме со добри дела и со кроткост и пост да стекнеме смирение и љубов кон сите, зашто тие ги очистуваат душата и телото и нè прават рамни на ангелите, и нè водат на небото. И милостина давајте непрестајно, зашто таа ги мие сите прегрешенија од нас, и ги отвора небесните врати.*

# СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

**(живот и дело)**

*игумен Гаврил (Галев)*

Свети Климент Охридски е еден од светите Седумчисленици кои го проповедале христијанството помеѓу словенските народи и ги просветлувале преку купелот на крштението и словото на вистината.

Свети Климент е роден во Источна Македонија. За него се споменува дека уште од младини ги гледал добродетелите на свети Методиј кој во тоа време бил началник, архонт, на словенското Кнежество кое ги опфаќало териториите северно од Солун до Брегалничката област. Некои сметаат дека неговото родно место е денешното село Горно Липовик (Радовишко). Подоцна свети Методиј ја напушта световната служба и се замонашува во манастирот Полихрон на Олимп во Грција и кога бил повикан да го проповеда Евангелието во Моравија и Панонија заедно со неговиот помлад брат Константин – Кирил, свети Климент бил повикан да им се придружи заедно со Наум, Сава, Горазд и Ангелариј. Бил повикан заради неговата богата реч и сеопштото познавање на световните науки, бидејќи бил и световно високо образован.

Пред да заминат, светите Кирил и Методиј го создале слонското писмо - глаголицата, ги превеле Евагелието и најпотребните книги потребни за богослужба. Во меѓу време се појавила т.н. тријазична ерес која погрешно учела дека Евагелието треба да се проповеда само на грчки, латински и еврејски јазик, бидејќи само на тие три јазици била потпишана таблицата на Крстот Христов, што е апсолутна ерес и спротивност на Христовите зборови: Одете и научете ги сите народи, крштевајте ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух. Исто и свето Павловите зборови: сакам да кажам пет разбирливи зборови отколку илјада неразбирливи... и затоа тие морале да се јават пред Римскиот папа, кој во тоа време бил православен, и да ја изложат својата вера и учење.

Кога стигнале таму свети Кирил, кој сеуште тогаш се викал Константин, бидејќи многу го сакал светиот свештеномаченик Климент папа Римски посакал да му ги најде моштите. Со брод се упатиле кон островот Херсон, каде свети Климет Римски бил удавен од незнабожците. Тие не знаеле каде точно се моштите, но Светиот Дух ги носел и кога пристигнувале до местото од морето со голема светлина се покажале светите мошти на овој Божји угодник. Тие ги зеле и ги пренеле во Рим каде ги чекале со големи почести. Папата Адријан ги примил ги ислушал и се уверил





дека не прават ништо спротивно на Евангелието и нивната вера е исправна и заснована на верата на светите Апостоли. Ги почестил, ги благословил и ги поткрепил за мисијата. Тогаш и Константин тешко се разболел и бил замонашен во схима со името Кирил, а за потребите на мисијата ги ракоположил и нивните ученици и свети Климент бил ракоположен за јеромонах. Наскоро свети Кирил мирно се упокоил во Господа. Неговите мошти биле положени во цркавата свети Климент Римски, а останатите од мисијата со благослов заминале во Моравија и Панонија. Таму од почетокот со чест и радост биле дочекани и успешно ја спроведувале нивната мисија, но подоцна откако се сменила власта и под силен притисок на германското свештенство кое ја застапувало ереста на „филиокве-то“ (погрешното учење дека Светиот Дух произлегува не само од Отецот туку и од Синот), ерес која и ден денес ја застапуваат Римокатолиците, започнало нивното прогонство. По упокојувањето на свети Методиј, светиот Горазд кого свети Методиј го избрал за негов наследник останал во Моравија, а останатите се вратиле назад. Во меѓувреме на Балканот од каде што тргнале, настанале големи промени на политичкото и духовно поле. Тогаш се подига Бугарското царство како голема сила, а свети Фотиј под чие духовно раководство и благослов заминале на мисијата бил сменет од патријаршискиот трон. Се вели дека тогаш тие стигнале до Белград, последниот град во границата на Бугарското царство и испратиле порака за да видат како ќе реагира новиот цар. Меѓутоа светиот цар Борис – Михаил, кој во тоа време ја прима христијанаската вера и се покрстува тој и целото негово царство преку купелот на преподувањето и како сестрана личност со голема визија, кога слушнал за нив со израдувал и му било чест да има такви свети луѓе покрај себе во своето царство и со задоволство ги примил и ги угостил и ги задржал кај себе во Преслав, тогашната Бугарска престолнина.

Во 886 година свети Наум го задржува кај себе, а другите ги испраќа по другите територии на своето царство. Свети Климент како најспособен го испраќа во областа Кутмичевица со главни градови Девол и Охрид. Во тоа време биле на крајот периферијата од неговото царство за да од таму свети Климент како потпорен столб ја чува верата Православна. Во Кутмичевица, област која се простирала во денешна Западна Македонија покрај Охрид и југоисточна Албанија, свети Климент бил испратен на мисија и таму основа голема просветителска дејност и голема книжевна школа, прв словенски универзитет преку кого излегуваат повеќе од 3500 ученици – образован кадар кои потоа постануваат епископи и свештеници воглаво во Македонија, Албанија и Бугарија...

По седум годишна просветителска дејност, новиот цар бугарски Симеон го поставил за Дремвицко – велички епископ. Токму на собор во Преслав (во 893 година) Климент бил избран за „прв епископ словенски" на Дремвица и Белица. На негово место како управител бил поставен свети Наум. Точно не е прецизирана каде се наоѓа свети Климентовата нова епархија, но ако ги земеме во предвид пишаните документи, Диканжовиот документ, каде свети Климент се споменува како епископ Тивериополски, а тоа е денешната Струмичка епархија со седиште во Водоча, преку која минува реката Водочница, која порано се викала Бела Река, што се поврзува со Белица или В(Б)еличка епархија. А во неговото житие се вели дека тој многу го сакал својот манастир (свети Пантелејмон) и често се навраќал до него, а кога ќе дошол таму се чуствувал многу изморен од долгиот пат и уште некои други аргументи кои јасно го потврдува нашиот став за лоцирањето на неговата епархија.

И таму, свети Климент, напорно работел во просветлението на неговата од Бога дарувана паства. Тој знаел да се симне до нивото на секој еден од нив и да му ја даде неговата помош. Како свештеник и епископ тој неуморно работел 30 години (886-916 година) во проповед и во ширење на спасоносната христијанска вера помеѓу новодојдените словенски народи на Балканот. Дење ги поучувал децата и младината, а ноќе се молел и пишувал: преведувајќи книги од грчки на словенски јазик, составувал проповеди и духовни поуки за своето свештенство и народ. Градел цркви и манастири. И со молитвата вршел многу чуда, помагајќи му на народот.

Селаните ги учел како да си ги облагородуваат дивите дрва, калемејќи на нив питоми и покажувајќи дека и од дивите народи – незнабожците, ако се накалемат на питомата маслина, Православната христијанска вера, односно Црквата може да станат питоми и да ја примнат благодатта на Светиот Дух, Господ. Од тој период останала анегдотата кога ќе го прашале свети Климента какво дрво сака да посади, она што бргу расте и кратко трае или она што бавно расте и кратко трае и тој го избрал второто.

Струмица е христијански град уште од раното христијанство. Во него се прославиле светите Петнаесет Тивериополски свештено – маченици во чие време во Струмица и струмичката околија не останал ниеден кој не бил христијанин. Нив свети Климент многу ги сакал и почитувал. И тој го обновилниваниот манастир, правејќи го петокуполна крстообразна црква.

За свети Климент се мисли дека го измислил кириличното писмо, што не е точно. Имено, цар Симеон сакал глаголицата да ја прилагоди на грчката алфавита и најпрво го побарал свети Климент како најистакнат нивни ученик, но свеи Климент тоа го одбил заради големата почит и љубов што ја имал кон своите духовни Отци и учители. Тој не сметал дека е подостоен од своите учители, дека нивното дело е несовршено па сега тој да и го менува и усовршува и затоа го одбил, а царот Симеон го ангажирал Константин Преславски подоцна епископ Брегалнички, затоа што уште од тоа време во Брегалничката и Преславската книжевна школа кирилицата бргу ја заменила глаголицата, а во Охридската и Струмичката глаголицата се задржала дури до половината на 12 век.

При крајот од неговиот живот тој

побарува од царот да биде разрешен од епископскиот чин и да се повлече во тишината на неговото возљубено безмолвие и мирно да си го дочека своето преселување од земјата кон Небесните пространства, но царот Симеон сметал дека немало друг подостоен да го замени него на тронот додека е тој жив и така свети Климент продолжил со својот подвиг и понатака. Го завршил преводот на Цветниот триод последната потребна книга од целовкупниот Богослужбен циклус и на 26 јули/8 август во 916 година мирно се упокојува во Господа во Охрид. Според неговиот завет е погребан во притворот на „неговата” манастирска црква „Свети вмч. Панталејмон“ (Плаошник), која во 1515 година била претворена во џамија. Моштите му се пренесени во охридската црква „Пресвета Богородица“ (Перивлепта), наречена после тоа „Свети Климент“. Владата на Р. Македонија, знаејќи го значението на свети Климентовиот манастир и неговиот универзитет во 2002 година манастирска црква „Свети вмч. Панталејмон“ ја возобновува, уривајќи ја и така растурената тогашна џамија и врз старите темели се подигнува и на ново е изградена црквата и во неа повторно ги враќа моштите на светителот. Многу бргу по неговата смрт епископ Климент е канонизиран.

Покрај црковните и педагошките дејности, особено учителско -просветителски, свети Климент развил и богата книжевна дејност. Автор е на многу поучни и пофални слова како похвалата на Кирил Филозоф, похвалата на пророкот Захариј и свети Јован Крстител, за свети Кирил и Методиј, свети Јован Крстител, свети Арх. Михаил и Гаврил. Но, во неговото творештво преовладуваат поучителните слова кои се однесуваат на општохристијанските светители: Свети Ѓорги, свети Тома, свети Антониј, потоа слова посветени на Богородица и слова посветени за настаните од животот на Господ Исус Христос. Откриено е дека кога свети Климент ги преведувал црковните богослужбени книги и самиот додавал свои творби и ги преуредувал, и многу од неговите проповеди заради споредбата со најголемиот црковен проповедник свети Јован Златоуст, подоцна, препишувачите го потпишале како свети Јован Златоуст, но денес анализирајќи ги според стилот, книжевниот израз и современоста се претпоставува дека тоа се всушност дела на самиот свети Климент Охридски.



Свети Климент според својот живот и дело се покажува дека е една од најголемите свети личности за Православието и светител, кој треба да ги обединува сите Православни христијани. Но очигледно заболени од болеста на етнофилетизмот (национализмот) свети Климент, место да ни е заедничка радост и пофалба, ни постанува причина за поделби и несогласувања. Грците заради тоа што не е грк и не проповедал елинизам скоро го немат ни поместено во нивниот дневен црковен календар. Македонците, Бугарите и Србите се расправаат чиј бил свети Климент, Македонец, Бугарин или Србин, а не разбираат дека со тоа не го радуваат светителот кој подеднакво се моли на небесата за сите нас и со тоа го разоруваме телото Христово – Црквата. Воопшто не е важно што бил по националност свети Климент. Според мене логично е да е Македонец, но тоа не ни важно, најважно е тоа што е Православен христијански светител кој не љуби сите нас и кој за сите нас подеднакво се молел на земјата додека бил жив, а сега уште повеќе во Царството Божјо на престолот на Пресвета Едносушта и Неразделан Троица, Отецот и Синот и Светиот Дух.

*По неговите свети молитви Господи Исусе Христе помилуј нѐ! Амин.*








# За духовниот живот во Христос

*игумен Гаврил (Галев)*

**Бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен**

Совршенството е основното начело и причина зошто Бог го створил човекот.

Човекот е создаден според образ и подобие Божјо. Значи, создаден е совршен според образот Божји, но не совршен во потполност, туку потенцијално совршен, односно да се труди во усовршувањето на подобието Божјо. Човекот во рајот живееше согласно неговата природа, во непрестајна заедница и разговор со својот Создател и Бог. Тој непрестано се наследуваше со несоздадените нетварни Божествени енергии, односно со благодатта на Светиот Дух. Создавањето и паѓањето (умот и срцето)
Срцето е центар на психофизичкото битие на човекот. Во срцето се наоѓа суштината на умот. Кога Бог го создал човекот, неговиот ум пребивал во срцето, творејќи ја непрестајната умносредечна молитва, односно непрестајано заедничарел со Бога. Оваа природна врска била нераскинлива сè до паѓањето на Адам во грев. Имено, во моментот кога Адам го послушал советот на ѓаволот, тогаш тој ја прекинал врската, односно заедницата со Бога и постанал заедничар со гревот и ѓаволот. Тогаш доаѓа и до расцепување на човековата личност, односно, тогаш се раскинува природната врска помеѓу умот и срцето, и како резултат на тоа умот излегува од срцето. Срцето се острастува и заробува од страстите, а енергијата на умот се помрачува. Затоа и Адам паѓа од грев во грев.
Од тогаш (по падот во гревот), човекот е во постојана борба за враќање на неговата првобитна природа во воспоставување на постојаната заедница со Бога.
Постојат три степени во духовниот живот:

**1. Очиствување на срцето од страстите,**
**2. Просветление на умот, и**
**3. Обожение на целокупната човекова личност.**

Овие три степени меѓусебно во својата суштина се разликуваат, но и меѓусебно се испреплетуваат и заемно проникнуваат и условуваат. Во колку срцето се чисти од страстите, во толку и умот се просветлува и човековата личност обожува. Секој од овие степени поседуваат и свои особини.
И како што претходно нагласивме, откако човекот отпадна од Бога, со него завладејаа страстите. Главната човекова страст е себељубието. Таа самата по себе е поделена на три главни подстрасти:
а) славољубие,
б) сластољубие, и
в) сребролјубие.

Славољубието е страст на умот, која се пројавува во следниве пороци: гордост, суета, желба за власт, високомислење за себе (мнение)...
Сластољубието е страст на срцето и овде спаѓаат сите најразновидни телесни страсти и задоволства: блуд од секаков вид, наркоманија, алкохолизам, уживање во јадење и пиење и секаков вид хедонизам...
Среброљубието е страст за болно поседување на овоземно богатство, изразено прек страстите: крадење, лажење, измама, скратување на платите на работниците, секаков вид на коцкање...
Значи, откако паднавме во грев, во нашето срце се зацарија страстите и ние станавме робови на страстите.

За да се спасиме и за да се вратиме на нашата нормална и првобитна природа, односно за повторно да ја воспоставиме нашата заедница со Бога, ние треба да се бориме за да го исчистиме нашето срце од страстите и во него да го сместиме Бога. Во тој, не мал подвиг, неопходно е потребно да си имаме свој духовен отец, кој претходно ги поминал овие степени во духовниот живот, го исчистил своето срце од страстите и стекнал просветелн ум или пак, ако не, се труди во тој подвиг, и на него (духовниот отец) целосно со најголема верба и доверба да му се предаде на послушание. Односот помеѓу духовниот отец и духовното чедо треба да е заемно љубовен и личносен. Да се дозволи и од едниот и од другиот заради љубовта да се претрпи. Затоа што духовното чедо доброволно му се потчинува на послушание на духовниот отец како добар пастир, заради спасението на своето духовно чедо, се да понесе на својот грб.

Во тој подвиг постојат три основни правила во духовниот живот:

**1. Непоистоветување со помисли, желби и чувства;**
**2. Правилна исповед, и**
**3. Нагласен телесен подвиг до моментот на отворање на срцето.**

На овие три основни правила постојат и нивни три спротивставени правила, а тоа се:

**1. Непослушание;**
**2. Судење и осудување,**
**3. Неконтуиран (непостојан) подвиг во моменти на отсуство на благодат.**

Во однос на првите правила можеме да кажеме:
Гревот настанува вака. Најпрво непријателот, односно ѓаволот, делува преку помисла или предлог, потоа ако ние сме невнимателни, не се молиме постојано и со внимание и не ја отфрлиме уште во почетокот мислата и одговараме на помислата преку „разговор” со неа. До овој степен таа помисла сеуште не е грев. Ние неа можеме да ја прифатиме, но и да ја одбиеме. Ако ја прифатиме, а тоа значи согласување со неа, тогаш грешиме со помисла. Таа прифатена помисла понатаму се развива во желба. И веќе ние сакаме да ја исполниме грешната помисла, но и во оваа ситуација ние можеме да се и свестиме и да ја отфрлиме, а ако се поистоветиме со желбата, тогаш помислата се развива во чувство, што е еден повисок стеепен на заробеност, но и од оваа состојба можеме да се извлечеме, затоа што гревот сеуште не сме го спровеле во дело иако веќе можностите за тоа се многу големи. И на крајот, ако ни се создаде ситуација да ја исполниме помислата на дело – ние паѓаме во грев на дело. Од неколку пати повторен грев се раѓа страст и наша заробеност од неа. Бидејќи нашето срце е острастено, а умот помрачен за Божјите вистини, ние и не знаеме да ги разликуваме помислите, која е добра а која е лоша. Затоа е потребно сите наши помисли, желби и чувства да ги кажуваме на нашиот духовен отец, а тој како искусен во духовниот живот ќе ни го даде вистинскиот одговор. Спротивно од тоа, со недоверба и непослушание, ние грешиме уште повеќе.
Второто правило е правилна исповед, а негова спротивност е судењето и осудувањето. Кога одиме на исповед треба да ја кажуваме состојбата и реакцијата на нашето срце за време на искушението и по него. Односно, на исповед треба да се кажува она што јас згрешив кон Бога и ближниот, а не што згрешил другиот. Другиот пак на исповед ќе си каже за себе. Значи, на исповед не треба да го обвинуваме другиот, туку себе. Светоотечко правило за ова е: „Јас сум виновен за сè”. Ова важи и во моменталното искушение веднаш да почнеме да ја кажуваме Исусовата молитва, борејќи се со поривот на помислите, желбите и чувствата. На исповед треба накратко да ја опише случката и да ја исповедаме состојбата на своето срце, како на пример: ми олади љубовта, се разгневив, веднаш кроев план како да му се осветам, му посакував зло, го замразив и сл...
Срцето секогаш треба да ни е отворено за Бога за да го примиме она што ни е потребно за нашето спасение, иако нам ни изгледа нелогички, неправилно и спротивно на нашето мислење. И уште една голема пречка во духовниот живот е создавањето на т.н. паралелни односи, односно, навлегување во еден вид на маѓепсан ѓаволски круг. Кога некоја помисла влезе во нас И ние наместо да ја исповедаме на духовникот, ја „исповедаме” на својот брат или сестра. И така, таа помисла не заробува во тој маѓепсан ѓаволски круг, кој  ако не се прекине, ќе не воведе во прелест и мнение и ќе не турне во пеколот.
И на крајот, се додека нашето срце е заробено од страстите, ние трба да применуваме и телесни подвизи како средства за негово очиствување, затоа што секојдневните подвизи како што се постот, гласната молитва, станувањето рано за на Литургија, секојдневното молитвено правило итн., придонесуваат за наше смирение и ја уништуваат нашата најголема страст – гордоста. На ова треба да се принудуваме во секое време и кога чувствуваме благодат и сила, но и во моменти на отсуство на благодат. Дури во вториот случај, во моменти кога немаме благодат, тој подвиг е подобар. А откога ќе го исчистиме срцето од страстите, телесниот подвиг е второстепен, затоа што тогаш умот по природен, за него пак се спушта во срцето и тука ја твори непрестајната умносрдечна Исусова молитва: Господи Исусе Христе помилуј ме!. Затоа потребен е поголем мир и концентрација за да не му бега вниманието во болката, туку да се концентрира на молитвата, се додека е неопходен и телесниот подвиг и болката.

# ON SPIRITUAL LIFE IN CHRIST

*abbot Gavril (Galev)*



## Be perfect as Your Heavenly Father is perfect

This is the basic principle why God created man: man was created by the image and in the likeness of God.

So: perfect, by the image of God; yet not completely perfect, but as a potential, as the beginning of his (man's) perfection to the likeness of God. In paradise man lived according to his nature, in constant union and conversation with his Creator and God. Man unceasingly savoured the uncreated immaterial Divine energies - that is, the grace of the Holy Spirit.

On Creation and Fall (Mind and Heart)

The heart is the center of the psycho-physical being of man. The essence of the mind is in the heart. When God created man, his mind dwelt in the heart, performing there the unceasing mind-and-heart prayer - that is, man unceasingly communicated with God. This natural relationship was unbreakable all until Adam's fall into sin. Namely, the moment Adam listened to the devil's advise, he broke the relationship i.e. the union with God and became a communicant of the devil. This is when the split in man's person came about. Namely, it is then that the natural relationship between the mind and heart was broken and the mind went out of the heart. The heart became impassioned and captured by the passions, and the mind's energy became darkened. It is therefore that Adam fell from sin to sin.
From then on man has been in perpetual struggle for restoration of his original nature and of the continual union with God.

There are three stages in spiritual life:
Purification of the heart from passions
Illumination of the mind
Deification of man's entire person

These three stages differ in their essence, but they also mutually intertwine and condition each other. The more the heart is purified from the passions, the more the mind is illumined and man's person deified. Each of these stages has its own characteristics.

As we have already said, after man's falling away from God, he became ruled by the passions. Man's principle passion is SELFLOVE.

Selflove is divided into three main sub-passions:

**Love of glory - Vainglory**
**Love of pleasure – Self-indulgence**
**Love of money – Avarice**

Vainglory is a passion of the mind, and it is: pride, vanity, desire for power, high opinion of oneself i.e. conceit...
Self-indulgence is a passion of the heart and it comprises all the various physical passions and pleasures: fornication of any kind, drug addiction, alcoholism, indulgence in eating and drinking, and all kinds of hedonism.
Avarice is the passion of sick possession of earthly treasures, manifested through theft, lying, deceit, not paying the workers their due, all kinds of gambling,...

So, after we had fallen we became slaves to the passions and they have reigned in our heart ever since. In order to be saved and to restore our normal and original nature i.e. in order to restore our union with God, we must strive to purify our heart from the passions and make room for God in it. In this, not small, struggle it is an imperative for us to have our own spiritual father who has previously passed these stages in the spiritual life, has purified his heart from the passions and has attained an illumined mind - or, if not so, at least one who is striving in this struggle – and we should place ourselves under obedience to him completely, with greatest possible faith and trust. The relationship between the spiritual father and the spiritual child should be mutually loving and personal. Both of them should put up with each other for the sake of love. The spiritual child does this because he/she voluntarily submits to the spiritual father into obedience; and the spiritual father as a good shepherd must take all upon himself for the sake of his spiritual child's salvation.





In this struggle there are three basic rules of spiritual life:

**Non-identification with one's thoughts, desires and feelings**
**Proper confession**
**Intensive physical struggle until the moment of the opening of the heart**

These three basic rules have their own opposites, and these are:

**Disobedience**
**Judging and condemnation**
**Inconsistent struggle in moments when grace withdraws**



The sin comes about in this way. At first the enemy i.e. devil acts through a thought or a suggestion, then, if we are careless, do not pray continuously and with attention, and do not reject the first thought but rather answer the thought through a dialogue with it. However this thought is not yet a sin. We can still accept or reject it. If we accept it, and that means we agree with it, then we sin with a thought. This accepted thought further on develops into a desire. And now we already want to fulfill the sinful thought; still, in this situation too we can come to our senses and reject it, but if we identify ourselves with the desire the thought then develops into a feeling, which is a higher degree of captivity; still, from this state too we can find a way out because we have not yet sinned with a deed, although the chances for it are now much great. In the end, if we have a situation created to fulfill the thought in action, we fall into a sin with a deed. A several times repeated sin gives birth to a passion and our captivity to it. Since our heart is impassioned and the mind darkened for Divine truths, we cannot even tell the difference between thoughts - which one is good and which bad. Therefore it is necessary that we tell all our thoughts, desires and feelings to our spiritual father; and he, being experienced in spiritual life, will give us the right answer. If, contrary to this, we live in mistrust and disobedience, we sin even more.
The second rule is proper confession, and its opposite – judging and condemnation. When we go to make a confession we should tell the state and the reaction of our heart during the temptation and after it. This means: I tell what I sinned in respect to God and my fellowman, not what the other one did – he is the one to tell his/her sin at his confession. So, during the confession we must not blame the other one, but ourself. The proper thought here is: It is all my fault. This is what we should think also at the moment of temptation and we should immediately start saying the Jesus prayer - fighting the flood of thoughts, desires and feelings, which are engendered by the temptation and by our sinful heart. At the confession we should briefly describe the incident and confess the state of our heart (my love chilled, I became infuriated, I already devised a plan how to avenge, I felt hatred, and alike...)
Our heart should always be opened to God so that we can let in all that is necessary for our salvation, although it may seem to us illogical, incorrect and contrary to our opinion. There is yet another big obstacle in spiritual life: creation of so called parallel relationships – a kind of a vicious diabolical circle. When a thought enters within us then we, rather than confess it to our spiritual father, "confess" to our brother, sister. And in this way that thought captures us in that vicious diabolic circle, which if not broken up, will lead us to delusion and conceit and will push us into hell.
And finally, all until our heart is captured by the passions, we should also practice physical feats as a means to its (heart's) purification, because the daily feats - as are fasting, praying out loud, getting up early for the Liturgy, the daily prayerful rule etc. - contribute to our humility and destroy our greatest passion, PRIDE. We should force ourselves to this at all times: both when we feel grace and power and in the moments of absence of grace. Moreover, in the second case, when we do not have the grace, that struggle is better. And after we have purified our heart from the passions, the physical struggle is not that important, because then the mind, in a way natural to it, descends into the heart and here performs the unceasing mind-and-heart Jesus prayer: Lord Jesus Christ, have mercy on me. And therefore the mind needs greater peace and concentration, so that it can concentrate on the prayer. And all until this happens, the physical struggle is necessary and in the pain.

Kodi Civil

Civil Engineering & Construction







- Excavation
- Stormwater & drainage
- Base preparation
- Concrete roads & slabs
- Retaining walls (block, brick, concrete)
- Asphalt car parks, road construction, sports grounds, public domain and streetscape

For all quotes and general enquiries call

(02) 9580 6147

tony@kodi.com.au

Tony Kotevski 0414 961 919 & Tony Dimcevski 0402 405 050

Kodi Civil • 20 Barry Avenue, Mortdale NSW 2223



# ЉУБОВТА КОН СВОИТЕ УЧИТЕЛИ

*Силвана Горгиев*

Во училиште сите деца се радуваа за празникот свети Климент.

Највеќе бидејќи тој ден е слободен и сите можеа да си играат цел ден. Но, Ема посебно се радуваше и за со-сема различна причина. Нејзината радост беше толку очигледна што оваа година едно детенце почна да ја задева. Но тоа не и пречеше додека еден ден детенцето не ѝ рече дека сите се радуваат само поради тоа што нема да одат на училиште.



На ова, Ема му раскажа зошто свети Климент е толку убав празник:

„Свети Климент е таков светител, кој што многу си ги сакал учителите. Неговите учители биле светите Методиј и Кирил. Тој толку многу ги сакал што одел насекаде со нив и учел постојано. Тој толку верувал во нивното учење што дури одел и во непознати земји, за ги учи луѓето на нивниот сопствен јазик. Тој бил фрлен и во затвор, но тоа не било ништо за него бидејќи знаел дека Господ ќе го избави и затоа бил во сѐ истраен. Така да и Господ го наградил. Тој бил повикан од некој крал, кој го замоли да го просветлува неговиот народ и сите околии. Така дојде до тоа да го отвори првиот Универзитет, кој бил основата на сите



идни универзитети. А што е најубавото од сѐ – секогаш се грижел за сите, на тие што им требало леб, им давал леб, а оние што копнееле за знаење ги учел непрестајно“.

И така Ема ја заврши својата приказна, а лошото детенце и се извини, а наредниот ден тој самиот и поклони икона од свети Климент, бидејќи до тогаш никогаш немаше видено некој да сака светител повеќе од играчка.





СИНОДОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА -1967

# 50 ГОДИНИ ВОЗОБНОВЕНА АВТОКЕФАЛНОСТ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (1967 – 2017)

*др. Ананија Ананиевски*

Оваа 2017 година изминуваат точно 250 години од укинувањето на Охридската Архиепископија и уште позначајните 50 години од нејзиното возобновување во лицето на Македонската Православна Црква, па по тој повод се навраќаме назад во минатото и во нашиот фокус е историскиот:

## Трет македонски црковно – народен собор (Охрид, 17-19 јули 1967)

Светиот Синод на Македонската Православна Црква го свикал Третиот македонски црковно – народен собор на 17 јули 1967 година во Охрид. Митрополитот г. Доситеј, во присуство на соборјаните и бројниот македонски народ, отслужил Божествена литургија и по призивот на Светиот Дух, во катедралната црква на Охридската архиепископија „Света Софија“ го означил почетокот на работата на Соборот.

Најнапред се пристапило кон измените и дополнувањето на Уставот на Македонската Православна Црква со отварање на две нови епархии: Дебарско – кичевската и Американско – канадско – австралиската епархија. Потоа Светиот синод поднел извештај за негативниот однос и притисоците на Српската Православна Црква кон автокефалноста на Охридската Архиепископија, а особено се посветило внимание на најновата ситуација што настанала по последниот Архијерејски собор на Српската Православна Црква. Соборјаните, откако го ислушале извештајот на Светиот синод на Македонската Православна Црква, едногласно ја одобриле неговата работа и донеле резолуција. Соборјаните од името на сите свештеници и на целиот македонски православен народ, барале од Синодот на Македонската Православна Црква таа да биде прогласена за автокефална. Светиот синод на Македонската Православна Црква донел Одлука, со која ја прогласил автокефалноста, обновувајќи ја истовремено автокефалноста на славната Охридска Архиепископија. Во првиот член на оваа одлука се вели: Македонската Православна Црква - наследничка на обновената Охридска Архиепископија - се прогласува за автокефална.







*Metropolitan Dositej (left) head of the Macedonian Church throughout the world; and Bishop Naum*



*Катедрална црква на Охридската Архиепископија „Света Софија“*

> Во првиот член на оваа одлука се вели: Македонската Православна Црква - наследничка на обновената Охридска Архиепископија - се прогласува за автокефална.

Донесувајќи ја Одлуката за прогласување на Македонската Православна Црква за автокефална, како наследничка на обновената Охридска архиепископија, Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква се раководел од тоа, што корените на христијанството во Македонија потекнуваат уште од апостолско време. Македонците први го примиле христијанството во Европа. Потоа до особен подем дошло ширењето на христијанството во времето на учениците на светите браќа Кирил и Методиј - свети Климент и свети Наум, охридските чудотворци, кои проповедајќи го Христовото учење на јазикот на Македонците, уште повеќе ја зацврстиле кај нив христијанската вера.

Во Македонија дејствува Охридската Архиепископија, која во времето на Самоиловото царство била издигната и на патријаршиски степен. Иако потоа повторно била сведена на Архиепископија, како таква таа дејствувала 800 години, ширејќи го христијанството и им била покровителка во тешките ропски времиња не само на македонскиот, туку и на соседните православни народи. Таа била укината неканонски со ирееде на султанот Мустафа III во 1767 година. Но македонскиот народ, сè до денес не престанал да го бара нејзиното обновување и да се бори за постигнување на оваа своја света желба. Во образложението понатаму се вели: Во периодот по укинувањето на Охридската Архиепископија нејзините епархии смениле неколку јурисдикции од соседните православни цркви. Во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците таа положба се одржала до 6 април, до распаѓањето на поранешното Кралство на Југославија...

За консолидација на Македонската Православна Црква од вонредно значење е одлуката на Светиот архијерејски собор на Српската Православна Црква од месец јуни 1959 година, во која, покрај препораките за измени и дополненија во Уставот на Македонската Православна Црква, донесен на Вториот црковно – народен собор од 1958 година меѓу другото, е речено и следново: „Светиот архијерејски собор констатира дека епархиите Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка на Црковно-народниот собор, одржан во Охрид од 4 до 6 октомври 1958 година, се издвоиле во самостојна Македонска Православна Црква, која се управува според Уставот донесен на тој Собор“. Ова всушност значи санкционирање на одлуката на Вториот македонско црковно-народен собор. Тоа се потврдува и со одредбата од спомената одлука, каде што се вели: „Со

ова одлука престануваат да важат прописите на Уставот на Српската Православна Црква за епархиите и архијереите во Македонија“. Оваа е всушност еден вид канонски отпуст. Единството, со кое е условена потврдената самостојност на Македонската Православна Црква, освен признавањето на српскиот патријарх за поглавар на нашата црква, е изразено во одлуката на Светиот архијерејски синод на Српската Православна Црква, каде што е речено: „Во интерес на зачувувањето на канонското единство во Српската Православна Црква, сите промени во Уставот и уредбите што ги донесува Митрополитскиот црковен собор мораат да се темелат врз основа на канонски начела на Православната црква“. А, Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква, доследен на традициите од минатото, секогаш и беспрекорно се стремел својата дејност да ја темели исклучиво врз догмите и каноните на Светата Православна црква.

Но откако Српската црква не остана доследна на постигнатата согласност и на ветувањето, дека ќе ја почитува самостојноста на Македонската Православна Црква и дека ќе ја претстави како таква пред другите помесни самостојни Православни цркви се прогласи за автокефална како што била и Охридската Архиепископија. Поглаварот на Македонската автокефална црква го доби достоинството Архиепископ Охридски и Македонски. Според соборската одлука, јурисдикцијата на Македонската Православна Црква ги опфаќа епархиите во Република Македонија и епархиите во дијаспората, т.е. македонските црковни општини надвор од татковината, во кои се организирани нашите сонародници. Соборската одлука завршува вака: „Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква, од името на богоспасаемата паства, за доброто и преуспевањето на учењето на Спасителот наш Господ Исус Христос, мисли и верува дека актот на прогласувањето на автокефалноста на Македонската Православна Црква, објавен на Светата архијерејска литургија во црквата „Свети



Климент Охридски“ на 19 јули 1967 година во Охрид ќе биде прифатен и признаен од сите помесни Свети православни цркви и ќе го добие нивниот благослов“.

Прогласената автокефалност на Македонската Православна Црква со одобрување и нескриена радост била пречекана од сите добронамерни луѓе во целата наша земја и во светот. Оваа може да се види и од безбројните честитки, меѓу кои и од највисоките претставници на општеството - политичкиот живот во Република Македонија и Југославија и од нашите македонски иселеници од прекуокеанските земји и од оние на привремена работа во западно-европските земји. Меѓу првите честитки била и онаа од претставникот на Извршниот совет на Република Србија како и од Сојузот на свештеничките здруженија од Белград.

Прогласувањето на автокефалноста на Македонската Православна Црква со одушевување било прифатено од сонародници во Америка, Канада и Австралија. Покрај веќе организираните македонски црковни општини во тие земји, набрзо дошло до масовно организирање на наши црковни општини во сите тамошни градови, каде што живееле и работеле поголеми македонски групи. Се пристапило веднаш кон изградба на македонски цркви и културно-просветни домови. Пристигнувале бројни барања до Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква да им испрати свештеници - Македонци од татковината. Македонските црковни општини во тој далечен свет израснувале во црковно-народни и културно-просветни центри, во кои слободно се изразуваат и се задоволуваат духовните, културно-просветните и националните чувства и потреби на Македонците.

Денес Македонската Православна Црква има дванаесет епархии и заедно со Архиепископот – дванаесет епископи. Во последната декада од XX век, односно по падот на комунистичкиот режим и целосното осамостојување на државата, забележан е голем подем и развој на духовно – просветниот живот во Македонската Православна Црква. Обновата на Црквата во Македонија започна од младите, кои со приклучувањето во активниот живот на Црквата донесоа нов квалитет во христијанското подвижништво. Најголемиот дел од македонските православни монаси се млади луѓе, еден дел од монаштвото се припадници и на други православни народи. Нивната одлука за заминување во манастир придонесе многу македонски манастири не само да заживеат, туку и да се избават од руинираноста, а со нивното сведочење на воскреснатиот Христос и многу македонски души да најдат утеха и смисла во нивните животи. Во Македонија исто така интензивно се работи и на полето на просветата. Сите Епархии на Македонската Православна Црква имаат сопствени издавачки дејности, а некои од нив имаат и сопствени интернет презентации и епархиски списанија.







*Неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Ангеларij*



*Неговото преосвештенство епископ Злетовско-струмички г. Наум*

# 1762 ЛЕТО

*Григор Прличев*

Илјада и седимстотин'
шесдесет и второ лето
в Охрида од Цариграда
дошел Салаор.
Еј! Дошел Салаор.

Се претставил пред Арсења
наша патрика честнаго
и му рек'л слово горко,
слово жалостно.
Еј! Слово жалосно.

Царска волја е да тргнеш
денеска за Цариграда
на тебе од врли Грци, голем
поплак е.
Еј! Голем поплак е.

Собрал патрик свое стадо
в црква свјатиј Климентова
благослов им дал последен,
р'це заплетил.
Еј! Р'це заплетил.

Д'лго време липал старец
в молчење в'сенародно
и по бела брада ронел с'лзи
горешти.
Еј! С'лзи горешти.

Слушајте ме мили чеда
јас ќе идам в Цариграда
на мене од врли Грци голем
поплак е.
Еј! Голем поплак е.

Грцкиј патрик ќе ни строши
славна Охридска Столица
и мене до смрт ќе држи в
заточение
Еј! В заточение.

Ќе прати владици Грци
лицем светци срцем в'лци
ќе ве дават, ќе ве стрижат,
ќе м'лзат до крв.
Еј! Ќе молзат до крв.

Меѓу народа ќе сејат
несогласје и раздори,
да се мразат син со татка и
со брата брат.
Еј! И со брата брат.

И ќе викнете до Бога
и крило не ќе најдете,
смирени ќе наведете глави
доземи.
Еј! Глави до земи.

Ќе ми бидете сираци,
така било написано.
Елате ми да ве гушна за
последен п'т.
Еј! За последен пат.

Ч'рна т'га поразила
старо, младо, м'жи, жени,
Вси со р'це заплетени с'лзи
проливат.
Еј! Солзи поливат.

Тој ги гушка, тие тажни
му целуват десна р'ка
и од р'ка как' од извор с'лзи
се лејат.
Еј! Солзи се лејат.

Вјахнал Патрик брза коња
и неволно уп'тил се.
Тога грмкиј плач народен
небо процепил.
Еј! Небо процепил.

Умилил се чесниј Патрик,
свалил шапка навезана,
погледал на сино небо,
љуто прок'лнал.
Еј! Љуто проколнал:

„Ох! послушај, милиј Боже!
Хаир никога да немат
Стамче беј и Бујар Лигдо,
Пејко челеби!
Еј! Пејко челеби.

Милостивиј Бог послушал
патричка горешча клетва,
слава нихна, семе нихно
погубил со шум.
Еј! Погубил со шум.

И сега во куќи нихни
ткае пајак пајачина
и на пусти стрехи нихни
хукат хутове.
Еј! Хукат хутове.









*Јубилејна прослава*

# 50 ГОДИНИ

## ОД ВОЗОБНОВУВАЊЕТО НА АФТОКЕФАЛНОСТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МПЦ

## 08 - 09 СЕПТЕМВРИ 2017

МПЦ ОА - МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА ЗА АВСТРАЛИЈА (СИДНЕЈ)

**08 СЕПТЕМВРИ 2017 (ПЕТОК)**

19.00 часот Свечена академија со банкет

Македонски културен центар "ИЛИНДЕН"

468 West Botany St. Rockdale NSW 2216
настапуваат КУД "ИЛИНДЕН"

**ВЛЕЗ $60 ПО ЛИЦЕ**

*Сите сте добредојдени!*

**09 СЕПТЕМВРИ 2017 (САБОТА)**

09.00 часот Света Божествена Златоустова Литургија во храмот "Света Петка"
Рокдејл, Сиднеј (Нов Јужен Велс)

На Литургијата ќе земат учество сите свештеници од МПЦ - ОА во Австралија
- Едноцрквие -

65 Railway Street, Rockdale NSW 2216

Информации и резервации при Одборот
за организација на прославата по повод големиот јубилеј:

Отец Гаврил - тел: 0447 636 560

Љупчо Стефановски - тел: 0448 963 805
Јовица Ѓорѓовски - тел: 0421 694 733
Ананија Ананиевски - тел: 0422 411 139

Јоте Цандовски - тел: 0419 924 838
Мирчо Ангеловски - тел: 0400 305 208
Петар Котевич - тел: 0416 216 818

СО БЛАГОСЛОВ НА НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНСТВО МИТРОПОЛИТОТ ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКИ
И ПЛАОШКО-СТРУШКИ И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКИ Г. ТИМОТЕЈ





МАКЕДОНСКОТО КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО ИЛИНДЕН - СИДНЕЈ, АВСТРАЛИЈА

# ИЛИНДЕСКОТО СОНЦЕ ГИ ГРЕЕ ЛИЦАТА НА МАКЕДОЦИТЕ ШИРУМ АВСТРАЛИЈА – 1 ДЕЛ

*Кире Циревски*

Причините за иселување на нашинците од Вардарска Македонија, а која тогаш беше во склопот на СХС и покасно во југословенската заедница, скоро беше иста како и онаа преку границите, на своите собраќа.

Иселувањето, односно одењето на печалба, во вистиска смисла на зборот е потрага по сопствено парче леб како еснаф - занаетчија или обичен надничар во белиот свет, станува особено актуелно во периодот на Балканските војни. Премрежијата, сиромаштијата во многудетните семејства, ги тераат главите на семејствата на пат кон непознатото и неизвесното, на пат преку "големата вода". Периодот помеѓу двете големи Светски војни, исто така, е време и на големи иселенички печалбарски "карвани".

Австралискиот професор Чалс Прајс во неговата студија "Јужните Европејци" наведува дека уште во 1920 година, Австралија добивала по некој иселеник од Македонија, укажувајќи дека се работело за изолирани поединци кои од една или од друга причина морале итно некаде да заминат. Според споменатата студија на Прајс, во 1921 год, бројот на македонците во Австралија изнесувал 50, а во 1947 година 1900 лица (податоци кои се однесуваат само на македонски иселеници од просторот на Република Македонија која тогаш беше во рамките на СФРЈ).

Периодот помеѓу шеесетите и седумдесетите години на минатиот век е време на уште еден голем печалбарско иселенички бран од овие простори. Американскиот и Австралискиот континенти понатаму остануваат земји на ветеното богатсво и успехот, кон кое ги носат преполнетите со белосветски емигранти прекуокеански бродови. Туѓина, јабана, печалба, гурбет... зборови вкоренети во колективното народно паметење на овие простори, а македонскиот речник, архаичен и литературен, мошне веројатно, дека е еден од побогатите со асоцијативни зборови за туѓина и печалба. Та, на крајот на краиштата, гурбетот не за бадијала е меѓу најексплоатираните теми во македонското фолклорно и литературно творештво. На печалба се одело со мака, преку граници, мориња и океани, а враќањето секогаш било неизвесно. И повеќе од тоа! Печалбарството како да е македонска карма, до ден денешен.







Најстарата група

Културното и духовното живеење на Македонците во дијаспората преставува обемна материја, која ниту малку е начната а низ која се проткајуваат многу суштински прашања за евидентирање на вистината на Македонската православна црква, за македонскиот народ во минатото и сега, во борбата за самодокажување на својот идентитет манифестирајки ја својата култура, културно наследство, јазик и литература.

Преку овој скромен труд се настојува да се осветли историскиот развоен пат на македонската православна заедница во Сиднеј чија црковна општина "Св. Петка" ја одигра најголемата улога во афирмацијата на опстојувањето на нашиот човек на овие простори. Нејзин фундамент е Македонското Културно - уметничко друштво "Илинден", кое заедно со активните Македонци го посочува патот и местото на македонската заедница на овие простори, поготово да се прикаже активноста и приврзаноста на македонскиот иселеник во туѓите средини кој, приспособувајќи се на новиот живот во новите средини, никогаш не се откажува од своето - македонското, кое го продолжува и го чува како најсвето нешто.

Македонија е широко позната во светот по своето богато народно творештво кое денес го негуваат, развиваат и презентираат бројни културно - уметнички друштва, ансамбли во татковината и насекаде во светот.

Фолклорното творештво како дел од севкупната материјална и духовна култура на македонскиот народ низ векови и во најрознавидни историско - социјални услови одиграло исклучителна значајна мисија во зачувувањето на националниот идентитет.

Во долговековната борба против секаквите асимилаторски обиди песната, орото и инструментот биле едни од најмоќните орудија на нашиот народ да го докаже сопствениот израз, да докаже дека има сопствена култура, свој национален белег.

Истиот тој процес на самодокажување на сопствениот идентитет приморани сме и ден денес да го докажуваме и ние кои живееме во дијаспората.Тоа биле најосновните мотиви за формирање на културно - уметничките друштва и фолклорните групи во дијаспората. Преку така организиран бурен и активен живот се настојува нашите деца да ги зачуваат прадедовските обичаи, македонскиот јазик и да ги осознаат корените на своите претци.

Македонското културно-уметничко друштво Илинден - Сиднеј, Австралија е едно од најафирмираните во одбраната на својот сопствен етноидентитет на петтиот континент. Куд Илинден е вистински репрезент и афирматор на својот јазик, култура, фолклор и традиција. Во своето постоење има создадено вонредно богата традиција, а во многубројните квалитетни приредби во земјата се вбројува меѓу најдобрите, не само меѓу нашинските друштва и асоцијации, туку и во поширократа австралиска јавност, а тоа се потврдува со освоените



Дочек на Неговото блаженство
Архиепископот г.г. Доситеј



настап Гоцеви денови 2006

први места на повеќето фестивали, а поготово на Мaгдоналд (Тхе МцДоналд's Перформинг Артс Схалленге) фестивалот еден од најголемите и најстарите во Австралија.
Познатото Културно уметничко друштво "Илинден" е меѓу првите културно-уметнички друштва основани во Австралија. Ова друштво формирано во далечната 1966 година, преку песната и орото, со звуците на гајдата и тапанот цели 50-ет години врвно и достоинствено ја презентира Македонија пред широкиот австралиски аудиториум со нејзините обичаи и колоритен фолклор. Денес во рамките на друштвото работаат повеќе групи кои ја негуваат старата македонска сцена и македонската фолклорна уметност.
Настапите на КУД "Илинден" останаа врежани во срцата на многу луѓе кои ги следеле на разните фестивали ширум Австралија и Македонија, а како резултат на восхитеноста што ја предизвикувале кај публиката, добивани се и бројни признанија и награди во изминативе години. Забележливо е дека друштвото користи мошне богата и оригинална традиционална носија за сите сплетови кои ги изведува, носија која изобилува со рачно изработени везови и други орнаменти, со што се збогатува вкупниот впечаток при нивната изведба на уште побогата концертна програма.
Петдецениските влог во градењето на континуитетот и традицијата на КУД "Илинден", не е случајност. Тој има за цел да го негува и да го презентира македонскиот фолклор и култура во Австралија, но, и да ги запознава помладите генерации со македонската традиција, македонските корени, македонскиот ентитет затоа што тоа е базата која го сочинува и карактеризира еден народ. Во ова Културно уметничко друштво работаат осум групи со нешто повеќе од 200 фолклористи од разни генерации, како и фолклорна, пејачка и музичка секција. На просториите на поранешна Југославија широко распространета беше поговорката: "Кога поминуваш низ Босна немој да пееш, кога поминуваш преку Србија немој да играш, кога поминуваш преку Македонија немој ниту да играш ниту да пееш бидејќи ќе бидеш и натпеан и надигран". Денес тој епитет во
Австралија го има друштвото "Илинден" кое настапува на многу фестивали во Австралија и жнее само успеси и трофеи.
Друштвото "Илинден" преставува симбол на македонскиот фолклор, традиција и култура веќе пет децении – културен амбасадор кој несебично ја презентира и споделува богатата македонска традиција, и вистината за Македонија.
Како што јазикот, песната, орото и религиозната традиција го одржале македонскиот народ низ петте века без свој државен систем, така и генерациите Македонци во Австралија повеќе од половина век ја минуваа Голгота-та на самоорганизирање и верба во трајните вредности на своето битие, јазик, култура и фолклорот.
Македонците имаат свој камен темелник – "Илинден". Овој "магичен" збор произлезен од нашиот верски празник Св. Илија веќе повеќе од еден век е симбол на борбата на македонскиот народ за слобода и самостојност, за сопствена држава, за еднаквост со сите народи во светот. Одблесокот на првиот Илинден постепено доведе и до успешен крај на борбата за слобода на нашиот народ во вториот Илинден, со што тој збор се овековечи како патоказ за идните генерации за зачувување на македонскиот јазик, традиција и култура. Зраците на Илинденското сонце повеќе децении ги греат и лицата на генерациите Македонци во Австралија, а членовите на Друштвото "Илинден" не дозволуваат тие зраци да згаснат. Играорците на "Илинден" со својата виртуозност се вистинските репрезенти на македонскиот фолклор низ Австралија како и во бројните гостувања во Република Македонија. Фолклористите на КУД "Илинден" и нивната управа можат да бидат задоволни дека по пеесет години го носат теретот но и славата на презентацијата на душата, мелодијата и играорните финеси на гордиот македонски народ.

Тоа беше основата, фундаментот, новоформираното друштво да го носи името Илинден, кое денес е едно од најстарите македонски културно уметнички друштва на австралискиот континент.
Друштвото е формирано на 26 Ноември 1966 година, во кафето на Стив Стево Јовану на 438 Принцес Хајвај, улицата во квартот Рогдејл, од група ентузијасти – активисти, а кое денеска со успех работи во склопот на Македонската православна црковна, општина "Света





КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕТХОДНА ТЕСНА СОРАБОТКА И ЖЕЛБА ЗА ПОНАТАМАШНО ОДРЖУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕСТРАНИ КОРИСНИ ОДНОСИ, КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН" ОД РОКДАЕЛ КОЕ ЖИВЕЕ И ДЕЛУВА ВО ЗАЕДНИЦА СО МАКЕДОНСКИОТ ОПШТИНСКИ ОДБОР ПРИ МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА "СВЕТА ПЕТКА" ВО РОКДАЕЛ, СИДНЕЈ, ДРЖАВА НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС-АВСТРАЛИЈА И КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКОТО ДРУШТВО "11 ОКТОМВРИ" ОД ПРЕСТОН, КОЕ ЖИВЕЕ И ДЕЛУВА ВО ЗАЕДНИЦА СО МАКЕДОНСКИОТ ОПШТИНСКИ ОДБОР ПРИ МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА "СВЕТИ НИКОЛА" ВО ПРЕСТОН, МЕЛБУРН, ДРЖАВА ВИКТОРИЈА-АВСТРАЛИЈА, ЈА ДОНЕСУВААТ ОВАА

MAKEDONIJA 15 KUD ILINDEN ROCKDALE-N.S.W.

ПОВЕЛБА

MAKEDONIJA 15 KUD OKTOMVRI PRESTON, VIC

ЗА МЕЃУСОБНО ЗБРАТИМУВАЊЕ, А СО ЦЕЛ ЗА ЦВРСТА И ТРАЈНА-НЕРАСКИНЛИВА БРАТСКА СОРАБОТКА ВО РАЗВИВУВАЊЕТО НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ, ЗАБАВНИ И ДРУГИ РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО КРУГОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОНАРОДНИЦИ ВО СПОМЕНАТИТЕ ДРЖАВИ, ЦЕЛА АВСТРАЛИЈА И НАДВОР ОД НЕА.

ЗБРАТИМУВАЊЕТО ОСТАНУВА ОТВОРЕНО ЗА СЕКОЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНСКИТЕ СОНАРОДНИЦИ ВО АВСТРАЛИЈА И НАДВОР ОД НЕА.

ПОВЕЛБАВА СТАПУВА ВО СИЛА СО ЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ПОТПИШУВАЊЕ ОД ОПОЛНОМОШТЕНИТЕ ПРЕСТАВНИЦИ НА ДВЕТЕ КУД-а.

ПОТПИШАНА И ОБЈАВЕНА ПРЕД ЈАВНОСТА НА 28 НОЕМВРИ 1981 ГОДИНА НА ЈУБИЛЕЈНАТА ПРОСЛАВА-ПЕТНАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО И ДЕЛУВАЊЕТО НА КУД "ИЛИНДЕН" КОЈА СЕ ОДРЖА ВО ПОЛИЦЕЈСКИОТ ДЕТСКИ КЛУБ ВО РОКДАЕЛ-СИДНЕЈ-АВСТРАЛИЈА.

РАКОВОДИТЕЛИ:

ЗА КУД "11 ОКТОМВРИ" - ПРЕСТОН
ПРЕТСЕДАТЕЛ - РАКОВОДИТЕЛ,
АЦО КОСТОВСКИ

ЗА КУД "ИЛИНДЕН" РОКДАЕЛ
КООРДИНАТОР,
ЖИВКО НЕШЕВСКИ
Nesevski

ПРЕТСЕДАТЕЛИ:

ЗА М.О.О. ПРИ М.П.Ц. "СВЕТА ПЕТКА"
РОКДАЕЛ - Н.С.В.
ЈОНЕ ПЕЛЧЕВ

ЗА М.О.О. ПРИ М.П.Ц. "СВЕТИ НИКОЛА"
ПРЕСТОН - ВИК
ЈОНЧЕ ПЕТРЕВСКИ
Jonce Petrevski

Петка" во квартот Рогдејл.
Целта за формирањето на друштвото беше да се зачува македонскиот фолклор, да се пренесе на помладите поколенија, да не се заборават нашите обичаи и традиција, да не се заборават прадедовските корени. Преку заедничкото дружење генерациите во себе го задржуваат духот наш Македонски и како такви за навек остануваат. На ова изборно и основачко собрание се избра и управниот одбор кој треба да работи за афирмација на македонското име, да ги штити интересите на друштвото и да придонесува во развивањето на врските меѓу старата Татковина Македонија и сега новата Австралија, а ќе настојува во прва можна прилика да се изгради македонска црква која ќе ги задоволува потребите на нашинците на национално и духовно поле, а преку неа ќе бидат обезбедени поголеми услови за работа и афирмација и на културно-просветно поле, односно ќе се створат подобри услови за работа на самото друштво.
Во потесниот одбор на друштвото тогаш беа избрани следните лица: Ристо Веловски - Претседател, Стево Јовану заменик на Претседателот, Јоне Белчеф - секретар, Крсте Старковски заменик на секретарот, Митре Дупешовски- благајник, Тоде Петковски заменик на благајникот, додека Кире Белчеф, Лазо Дупешовски, Косте Дупешовски, Владе Старковски, Методија Гоуганоски и Ристе Наумовски беа членови.
Веднаш после конституирањето на управниот одбор се започна со организирање на разни свечености, а потоа се формира и фолклорна група која го презентираше македонскиот фолклор. Покрај свеченостите посветени на државните и духовните празници, друштвото ги организираше и големите излети - пикници каде се собираа и по неколку илјади нашинци.
Друштвото тогаш работеше под мошне тешки услови, поради немање на финансиски средства и простории за средби и извршување на фолклорните проби. Користеа импровизирани простории, гаражи, изнајмени сали, најчесто во салите на методистичката црква на Бај стрит и на Фредерик стрит во Рогдаел.
Првата фолклорна група на друштвото "Илинден" ја сочинуваа: Јован Димовски, Пецо Петруловски, Стојан Митревски, Борис Трајковски, Пецо Митревски, Лена Белчева, Драга Мачкова, Добра Лозанова, Су Јовановска и Милица Ристевска.
Музички состав: Ило Шате, Јоне Белчеф и Ѓорги Петровски.
Се менуваа управи и членови во друштвото. Доаѓаа нови. Во границите на тогашните можности работите некако одеа. Од ден на ден се повеќе и повеќе нашинци доаѓаа и се стационираа во реонот на Св. Ѓорги, во Рокдаел.
Стана неопходност да се организираат поголеми активности на културно – просветно поле, поготово после големото осветување на црквата Св. Петка (07.08.1977) од сега Блаженоупокоениот Поглавар на МПЦ – ОА Г.Г. Доситеј, и Блаженоупокоениот Митрополит Г. Кирил, и за таа цел на 14 Октомври 1977 година, се свика заеднички состанок на кој се расправаше како ќе се работи и делува на овој дел од Сиднеј. Членовите основоположинци на КУД Илинден со формирањето на управа за градба на црквата Света Петка, како учество во банката за престојниот кредит ги депонираа првите десетина илјади долари од касата на друштвото Илинден.
Тогаш старите основоположници на друштвото Илинден се повлекоа во градбата на црквата, а културно – просветните активности им ги препуштија на помладите. Едногласно беше договорено да се започне со заедничко организирано делување и друштво Илинден да биде составен дел на црковната општина, и таа да се грижи за општата афирмација на македонското име во оваа наша средина и пошироко. Основата ќе им биде црковната општина која ќе настојува да им создаде поголеми услови за афирмација на младите во презентирањето на македонскиот фолклор, песна и нашите обичаи. Договорено беше да се формираат во границите на своите можности покрај фолклорната и пеачка, музичка и драмска секција.
На овој состанок се избра и раководно тело на друштвото, во кое влегоа нашите сонародници: Кире Пашовски - претседател, Томе Наумовски заменик на претседателот, Ѓорги Бушиновски - кореограф и секретар, Никола Трајков заменик секретар, Миле Марцевски - благајник, Симе Зипевски заменик благајник, Стево Тирицовски - записничар, Пецо Симоновски, Пеце Поповски и Славе Котевски контролна комисија.
Но откако се изгради Македонската православна црква Св. Петка, и со доаѓањето на чело на друштвото на помлади и истакнати активисти, работите во многу нешта се изменија. Сега веќе се работеше во друг амбиент, со нов ентузиазам. Имаше простории каде се извршуваа пробите, каде се креираа програмите.

Продолжува...







# 50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО И УМЕТНИЧКО ДРУШТВО (МКУД ИЛИНДЕН) – РОКДЕЈЛ (НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС)

*Марика Стојанова - Рок*

Македонското Културно и Уметничко Друштво (МКУД Илинден) е едно од најстарите фолклорни ансамбли во Австралија.

МКУД Илинден беше формирано на 26-ти ноември 1966 година од група ентузијасти во Рокдејл со основна цел да се зачува националниот дух, култура и традиција на Македонците во Сиднеј.
Генерации Македонци од Сиднеј, членови на МКУД Илинден веќе повеќе од половина век го одржуваат јазикот, песната, орото и религиозната традиција на македонскиот народ надвор од границите на денешната Република Македонија.
Од своите скромни почетоци МКУД Илинден се има развиено во едно од најголемите и најелитните македонски културно уметнички друштва во светот.
Од самиот почеток МКУД Илинден работи во просториите и е интегрален дел од Македонската православна црковна општина „Света Петка“ во Рокдејл. Оваа врска е засновано на соработка и взаемно почитување меѓу двете организации. Успехот на МКУД Илинден во голема мера се должи на долгодишната и континуирана подршка на МПЦО „Света Петка“, На која сме бескрајно благодарни.
МКУД Илинден редовно настапува на Фолклорни фестивали одржани во Sydney Opera House и има добиено многу награди. МКУД Илинден доби прво место на Sydney Eisteddfod Performing Arts Challenge во 2002, 2004 и 2006 и прво место во 2009 на Sydney World Dance Championships.
МКУД Илинден, успешно го има прикажувано фолклорот на многубројни бини, фестивали и натпревари низ целиот свет. Нејзините сплетови се познати за нивната убавина, богатство и комплексност. Успесите на Илинден се должаат на умешноста на нејзините кореографи но и талентиранин играорци. Во МКУД Илинден се вели, да се биде играорец на Илинден не е обрска, туку е привилегија.
Како една организација друштвото е столб на идентитет, стабилност и моќ за македонската заедница во околината на St. George. МКУД Илинден ја развива македонската младина во Сиднеј со цел да постанат позитивни и активни граѓани.
МКУД Илиднен лани славеше пет децении од своето постоење. Педесет години подоцна младите Македонци организираа огромен спектакл во еден од најпрестижните и познати светски театри - Државниот театар во Сиднеј на 26-ти ноември 2016 година во кои се прикажа богатството на македонскиот фолкор од различни делови од Македонија. Тоа беше невиден спектакл посетено од околу 2,000 Македонци и други националности.
Македонскиот Амбасадор на Австралија, г. Веле Трпевски на 50-годишната јубилејна вечер рече:
„Илинден ја поседува есенцијата на онаа што значи да си Македонец....срећна е Австралија што Ве има, и што КУД Илинден 50 години макотрпни и безрезервно твори и придонесува кон развојот на современото Австралиско мултикултуно општество“.
Денес, МКУД Илинден се состои исклучиво од доброволци, кои успешно работаат заедно. Над 6,000 Македонски деца се имаат зачленето преку пет децении. Моментално друштвото има над 240 членови од 3 до 25 годишна возраст.
На 50 годишниот концерт за првпат настапи новоформираниот музички ансамбл составен од денешни играорци, свирејќи на македонски традиционални инструменти како: кавал, тамбура и гајда. МКУД Илинден планира да го прошири и развие овој ансамбл со професионални свирачи и пејачи кои ќе ги придржуваат играорците на забави, фестивали и натпревари. Исто така се планира да се оформат групи од поранешни МКУД играорци, кои сакаат повторно да играат или возрасни кои имаат желба да научат да традиционално оро. Управата на Илинден ќе работи со нејзините членови и заедницата за идните насоки на МКУД Илинден.

**Членови на Управата:**
*Пецо Наумоски - председател*
*Питер Дончевски - заменик председател*
*Питер Коминовски*
*Питер Димитровски*
*Миле Талевски*
*Кристофер Карафиловски*
*Горан Вељаноски*
*Луи Бицовски*
*Мартина Трајковска*
*Деби Темелковска*
*Марика Стојанова-Рок*
















# 50 YEARS SINCE THE CREATION OF THE MACEDONIAN CULTURAL AND ARTISTIC ASSOCIATION „ILINDEN“

*Marika Stojanova - Rok*

**MCAA Ilinden is one of the oldest folkloric ensembles in Australia.**

On 26th November 1966, the MCAA a group of local Macedonian community enthusiast in Rockdale came together to form the MCAA. The main objective of the MCAA Ilinden was to preserve the spirit and cultural traditions of the Macedonians in Sydney.

Generations of Macedonians from Sydney have over half a century preserved the Macedonian language, national folklore and religious tradition of the Macedonian people outside the Republic of Macedonia.

From its humble beginnings, it has become one of the largest and most elite Macedonian folkloric groups around the world.

MCAA Ilinden's home premises are located in the heart of Rockdale on Railway Street as part of the MCAA the Saint Petka Macedonian Orthodox Church community. This relationship is based on collaboration and mutual respect between the two organisations. The success of the MCCA has been contributed to a large degree on the continuous and longstanding support of Saint Petka, to which we are sincerely thankful.

The MCAA has regularly performed at the folkloric festival held at the Sydney Opera House and was awarded first place honours at the Sydney Eisteddfod Performing Arts in 2002, 2004 and 2006, and the Sydney World Dance Championships in 2008.

The MCAA has successfully showcased the Macedonian folklore at many stages, festivals and competitions around the world. Their dances are known for their beauty, richness and complexity. MCAA Ilinden's many awards and successes attest to their modern choreographic interpretation but also to talented dancers. For Sydney's Macedonian youth, it is not only a rite of passage but a privilege to be a dancer and member of the MCAA Ilinden. As an organisation, it is a pillar of identity, stability and strength for the Macedonian community in the St George area. MCAA Ilinden nourishes the personal development of the Macedonian youth in Sydney, enabling them to become positive and active citizens.

On 26 November 2016 MCAA Ilinden celebrated their 50th anniversary in one of the prestigious and world-renowned world theatres, The State Theatre in Sydney. MCAA Ilinden showcased the richness and vibrancy of folkloric dancing from the various regions of Macedonia. This indeed was a spectacular evening where almost 2000 people attended.

The Macedonian Ambassador, Mr Vele Trpevski in the opening speech said:

“Ilinden has the essence of what it means to be a Macedonian...Australia is fortunate to have you, and what MCAA Ilinden has tirelessly worked and contributing to development of the modern Australian multicultural society”.

MCAA Ilinden is made up exclusively of volunteers. Over 6,000 Australian Macedonia children have joined its ranks over the last five decades. It currently has over 240 members between the ages of 3 and 25 years.

At the 50th anniversary concert the MCAA Ilinden dance groups were accompanied for the first time by a newly formed MCAA Ilinden music ensemble comprised of its current dancers playing traditional Macedonian instruments such as kaval (wooden flute), tambura (lute) and gajda (bag pipe). MCAA Ilinden plans to expand and further develop this ensemble to comprise of professional musicians and singers to accompany the dance groups at various forums and competitions. MCAA Ilinden also plans to form a senior group from former Ilinden dancers who now wish to return to dancing and for adults wishing to learn to dance Macedonian folkloric dancing. The MCAA committee will consult its members and the community on the future directions of MKUD Ilinden.

**Choreographers:**

*Christopher Karafilovksi*
*Natasha Mitrevska*
*Sara Nedelkovska*
*Emily Naumoska*

**Committee Members:**

*Peco Naumovski- President*
*Peter Doncevski- Deputy President*
*Peter Kominovski*
*Peter Dimitrovksi*
*Mile Talevski*
*Marika Stojanova-Rock*
*Louie Bidzovski*
*Debbie Temelkovska*
*Martina Trajkovska*
*Christopher Karafilovksi*
*Goran Veljanoski*


THE MACEDONIAN CULTURAL & ARTISTIC
ASSOCIATION ILINDEN PRESENTS
50
YEARS
STATE THEATRE
26 NOVEMBER 2016
www.50yearsmkudilinden.org.au




WOLLONGONG UNITED
FOOTBALL CLUB
WOLLONGONG UNITED FC 1976
facebook.com/wollongong.unitedfc
@WollongongUtd
#WeAreUNITED



**Тропар на Свети Наум, Охридски чудотворец**
*Соединувајќи се со Христа си го оставил светот, живеејќи со дух, телото си го распнал, преблажен Науме. Си се стремел како апостолите да се подвизуваш и безбројното мизијско множество во верата си го вовел. Така и нас, со Твоите молитви, избави нѐ од искушенија.*

# МАНАСТИР „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД

*асс. м-р Владо Недески, презвитер*

Манастирот свети Наум Охридски претставува еден вистински бисер и духовно светилиште кое е лоцирано на карпа над охридскиот езерскиот брег.

Да се зборува за духовна величина на ова светилиште, претставува предизвик, дури и за најкрасноречивите пишувачи. Манастирот свети Наум, претставува неисцрпен извор на чудотворства, место каде што живо се чувствуваат Божјата благодат и благословот на охридскиот чудотворец, свети Наум, па токму поради овие факти безбројни се посетителите кои со чиста вера доаѓаат и се просветуваат и облагодатуваат од живото присуство на овој светител. Во него времето и просторот од овој свет ги губат своите граници, а се отвараат небесните пространства кои се вистинскиот дом на светиите но и на секоја христијанска душа. Манастирскиот комплекс е окружен со таква природна убавина што никого не го остава рамнодушен, ами го потикнува на прославување на Бога, создателот и устроителот на овој свет и сета убавина која тој ја носи.

Според она што нам ни е достапно, како фактографија а се наоѓа во житијата, свети Наум манастирскиот храм посветен на свети архангел Михаил и на сите светите бестелесни сили го изградил помеѓу 900 и 905 година. Иако не е точно познато, од кога храмот е преименуван, но се претпоставува дека после смртта на свети Наум, заради големиот култ и почитување кое го имал светителот, христијаните почнале со неговото име да го именуваат храмот и постапно почнал да се нарекува со името на свети Наум. Така уште во 1630 година во тогашна Русија, овој манастир бил познат под сегашното име- свети Наум а не свети архангел Михаил и останати бестелесни сили.

Манастирскиот храм гледан низ призмата на стилот на градба претставува автентична триконхална црква. Првобитната црква што ја изградил свети Наум била рушена, според едни најверојатно во XV или во XVI век, а според други кон крајот на XVIII век од страна на Али Паша Јанински. Од старата манастирска црква зачувани се значајни глаголско-кирилски натписи издлабени на столбовите од трибелонот, и воедно сведочат за најстарата словенска писменост. Јеромонахот Григориј од Москополе, во втората половина на XVII век го обновил манастирот при што изградил две келии, ја уредил црквата која потоа била осветена и го изградил пронаосот. Сегашната црква е градена и доградувана на темелите од старата црква, и тоа во две етапи. Во првата етапа се градени наосот и нартексот, а во втората етапа двете куполи над нартексот и над наосот. Еден од најзаслужните за возобновувањето на манастирот бил игуменот Стефан од Филиполе. Тој ја изградил куполата над капелата каде што се наоѓа гробот на свети Наум. Во негово време се фрескоживописале црквата и гробната капела. Според одредени научници манастирските конаци се изградени во негово време, а некои мислат дека истите се изградени за време на неговиот претходник, игуменот Гаврил – јеромонах од Москополе. Подоцна, по доаѓањето на игуменот Хаџи Дионисие Анадолец во 1809 година, во манастирскиот комплекс биле изградени значајни објекти. Во 1875 година, според сведоштвото во летописот на Димитрија Петру од Охрид, до темел бил изгорен најголемиот дел од манастирскиот комплекс. Меѓутоа, со Божја помош набргу почнала и неговата обнова.







„Престолните и празничните икони како и иконостасот во резба се дело на зографот Константин, а според записите нивната изработка завршила во 1711 година.

Бидејќи во манастирот секогаш се водело сметка да се одржи духот на свети Наум и неговото дело, во 1881 година се изградила нова зграда за потребите на училиштето. Во тоа училиште, во 1830 година учел и преродбеникот Димитрија Миладинов, а настава следеле околу 20-30 ученици од поблиските и од подалечните места. Манастирот располагал и со богата библиотека. Меѓутоа, поради дејствувањето на разните пропаганди, многу словенски ракописи, од кои некои создадени тука, се уништени. Кога станува збор за гробниот параклис, некои сметаат дека тој е од времето кога бил погребан свети Наум, додека други сметаат дека тој бил отворен кон манастирскиот двор и сегашниот облик го добил во XIX век.

Според истражувачите црквата била фрескоживописана по 1400 година на што упатува еден фрагмент најден под подот на сегашната црква. Денешниот фрескоживопис е дело на зографот Трпо, син на зографот Константин од Корча, фрескописањето се случило за време на игуменот Стефан. Гробниот параклис е живописан во 1800 година, и во него доминираат сцени од животот (житието) и чудата на свети Наум. Исто така, треба да се забележи дека во гробниот параклис се наоѓа и портретот на игуменот Стефан, како и на монахот Ефтимиј кој се обидел да ги открие моштите на свети Наум. Додека, пак, наосот е фрескописан по шест години, за што сведочат еден ктиторски натпис како и натписот над западната врата. Истиот претставува продолжение на нашата богата традиција која била инспирација на зографот Трпо. Наосот е исполнет со многу композиции и сцени од големите празници, а во олтарниот простор се претставени ликовите на великите архиереи, причестувањето на апостолите и Богородица со Христос.

Престолните и празничните икони како и иконостасот во резба се дело на зографот Константин, а според записите нивната изработка завршила во 1711 година. За тоа сведочи запис од поменикот, каде што пишува: „Овие икони се живописани за време на пресветиот и преблагословениот игумен кир Гаврил и неговите сопатници јеромонахот Хиерофант и Теодосија, од раката на зографот Константин 1711 година“. Иконостасот е еден од најрано датираните иконостаси во XVIII век и претставува врвно уметничко остварување , а особено се издвојуваат царските двери и крстот на иконостасот.





По враќањето на манастирот под закрила и грижа на Црквата, односно на Дебарско-кичевската епархија, што се случи на 3 април 1991 година, со благослов на митрополитот Тимотеј во него повторно да се врати монашкиот живот. Од тогаш па наваму манастирскиот комплекс постојано се уредува и грижливо се негува, со цел достојно да сведочи за величината на светиот Наум чудотворец. Иако има безброј зафати кои заслужуваат споменување ќе наведиме само неколку од позначајните, и тоа: обнова на дотрајаните манастирски конаци, изградба на манастирска капела (параклис) посветена на светите словенски просветители Кирил и Методиј, партерно и просторно уредување на влезот во манастирскиот комплекс, уредување и обновување на манастирските метоси- свети Атанасиј Велики и света Петка Римјанка.

Манастирот свети Наум празнува две слави. Едната е на 23 декември по стар стил, односно на 5 јануари по нов стил, денот кога свети Наум се преселил од овој свет на небесата, каде што стои од десната страна на Бога. Другата се слави на 20 јуни по стар стил, односно на 3 јули по нов стил, што е утврдено на црковнонародниот собор во 1727 година. Реки од верни луѓе притекнуваат во овие денови на поклонение и молитва кон свети Наум. Но, не само на овие денови, туку и секојдневно поклоници, добронамерници и почитувачи на култот на светиот Наум Чудотворец го посетуваат манастирот. По неговото застапништво и денес се случуваат многу чуда на исцеление и избавување од разни искушенија на оние кои со вистинска вера и со чисто срце пристапуваат за помош и застапништво кон овој светија.















## Кондак

на Свети Наум, Охридски чудотворец

Пречесниот спомен
на твоите светли
подвизи,
како големо сонце,
на сите им свети,
лицата на тие што
те воспеваат ги
просветува,
демоните и секоја
болест ги изгонува,
заради тоа, откако
се собравме,
со љубов верно да
го восфалиме.



# ОСВЕТУВАЊЕ НА НОВИТЕ ПРОСТОРИИ НА МАКЕДОНСКОТО ДОБРОТВОРНО ДРУШТВО (MWCA)

*16. 05. 2017*

Со благослов на Неговото Високопресвештенсво г. Тимотеј, игуменот Гаврил (Галев) на 16. 05. 2017 година ги освети новите простории на Македонското Добротворно Друштво (MWCA - Macedonian Welfare Community Association), кои долги години несебично се залагаат за доброто на македонската заедница во Австралија.
Им посакуваме уште поголеми успеси.



# БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА И ПРОСЛАВА ЗА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВО ХРАМОТ „СВЕТИ НИКОЛА“ ВО ПЕРТ (ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА)

*21.05.2017*

На 21. 05. 2017 година, во 6-тата Недела по Воскресение (на Слепиот), кога го празнуваме спомонот на светиот апостол и евангелист Јован Богослов; преподобниот Арсениј и на света Емилија, во црковната општина „Свети Никола“ во Перт, старешината на храмот, протојереј Станко Јовановски отслужи света Златоустова литургија.
На богослужението учествуваше верен народ, кој се причести со Божествените тајни.
После службата се одржа прослава за „Свети Кирил и Методиј“, на која исто така присуствуваше многуброен народ.







# НОВИ МОШТИ ВО МАРКОВИОТ МАНАСТИР

*19.06.2017*

Божјиот благослов на Марковиот манастир неизмерно му се дарува преку светите мошти на светители, кои по Божјата промисла го наоѓаат своето пребивалиште во светоста на манастирот на светиот великомаченик Димитриј.

Духовната ризница и овој пат е зборатена со последното поклоничко патување на Игуменијата на Марковиот манастир, Илијана. На патувањето во Австралија, Игуменијата Илијана заедно со една од сестрите, го посети рускиот скит посветен на Свети Јован Крстител, каде што моштите беа подарени на Марковиот манастир, од страна на старецот Јоаким, монах со австралијанско потекло.
Марковиот манастир се здоби со мошти од света Елисавета Руска и од 44 монаси маченици од манастирот Лавра во Палестина, кои пострадале за Христовата вера со маченичка смрт, од страна на Арапите.
Во близина на скитот, монахињите ја посетија пештерната ќелија на старецот Гури, основачот на скитот, а сега упокоен во Господа, како и женскиот руски манастир посветен на Казанската икона на Мајката Божја, каде што игуманијата Марија топло ги прими и пречека.
На вчерашната неделна Божествената Литургија во Марковиот манастир, верниците имаа можност да се поклонат на моштите на светителите, кои во нашите молитви, ќе ги призиваме, како светители кон кои ги упатуваме нашите молитви за нивно застапништво пред Бога и закрилата за добросостојбата на манастирот и сите кои притекнуваат кон него. Светите мошти, ќе бидат изложени во параклисот на Светиот Апостол и Евангелист Марко, вброени во богатството од мошти на светители, кое по Божјата милост се зголемува и достапни на сите верници кои притекнуваат со верба, во силата и благодатта која Бог ја излива преку нив.



*сестра Илијана (Илкова), игуманија на Марковиот манастир „Свети вмч. Димитриј Солунски“ - Скопско*








# ЗАЖИВУВА МОНАШКИОТ ЖИВОТ ВО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО КИНГ ЛЕЈК, МЕЛБУРН (ВИКТОРИЈА)



*09.08.2017*

Со Влегувањето на двајцата искушеници на Игуменот Гаврил, Тоде и Бобан, во манастирот св. Климент Охридски во месноста Кинглејк и со отслужувањето на првата Литургија на 17. 05. 2017, исто така и со неодамнешната обележана прва монашка слава во манастирот, на 09. 08. 2017 година, кога го празнуваме спомент на Свети Климент Охридски; на светите Седмочисленици и на светиот великомачени Пантелејмон, Игуменот на манастирот отец Гаврил (Галев), протојереј – ставрофор Ефтим Бетински и о. Климент Станковски отслужија света Литургија, со што беше прославен храмовиот празник, практично заживеа и монашкиот живот во него. Нека е за многу години и да се множи стадото кое верно ќе му служи на Христос Бог.

На Светата Литургија, верниот народ се причести со Светите Христови Тајни.





# ФЕСТИВАЛ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА КАНБЕРА И РЕГИОНОТ – 2017

*Јовица Ѓорѓовски*

Македонската Православна Црква „Свети Климент Охридски“ од Канбера со три настапи беше вклучена во програмата на овогодишниот Фестивал на културното наследство на Канбера и регионот – 2017, кој траеше три недели и тоа од 18 април до 7 мај 2017.

Првиот настап беше во неделата на 23 април, вториот во неделата на 30 април, а третиот во неделата на 7 мај.



TALK WORKSHOP
**INNER SOUTH**
**ORTHODOX EASTER TRADITION**
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH ST KLIMENT OF OHRID
APR 23
FIND OUT MORE



OPEN DAY
**INNER SOUTH**
**ORTHODOX EASTER TRADITION**
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH SAINT KLIMENT OF OHRID
APR 30
FIND OUT MORE



OPEN DAY
**INNER SOUTH**
**ORTHODOX EASTER TRADITION**
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH SAINT KLIMENT OF OHRID
MAY 07
FIND OUT MORE

Во трите дена црквата беше отворена од 10:00 до 13:00 часот каде на Австралиската јавност и беа презентирани Православните верски традиции.

Повелете во Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Канбера да и се восхитуваме на архитектурата, прекрасниот ентериер и да бидете дел од утринската црковна богослужба.

Нашата црква е единствената православна црква што беше избрана за овогодишниот фестивал. Уште пет други цркви од Католичката и Англиканската деномионација се вклучени во овогодишната програма.

Управниот одбор на црквата им се заблагодарува на Снежана Димитровска и отец Раде Митрев за нивниот труд и напорите во организацијата за овогодишниот фестивал.

## За Фестивалот

http://www.environment.act.gov.au/heritage/heritage-and-the-community/heritage_festival

Фестивалот на културното наследство на Канбера и регионот – 2017, ја одбележа 50-годишнината од референдумот за уставот од 1967 година кога за прв пат домородните Австралијци конечно беа вклучени во пописот, а со тоа и третирани како граѓани на Австралија. Од таа причина темата на овогодишниот фестивал „Прашања и промени“ се фокусираше на комеморација на овој историски настан во продолжението на националната дебата за вклучување на домородното население, признавањето и прославата на нашето единствено културно наследство.

„Чувството за место“ кое ни го нуди наследството, ни помага да разбереме од каде сме дошле и исто така да го дефинираме нашиот идентитет. Наследството на заедницата ни дава чувство за врска и континуитет во приказната за прогресија низ времето, овозможувајќи нашето патување да продолжи во иднина. Темата „Прашања и промени“, исто така, вклучуваше различни видови на гласови, кои го сочинуваат австралискиот идентитет, особено од традиционално исклучените групи како што Абориџините, жените и не-европските Австралијци.

Ве покануваме да научите нешто ново можеби од поинаква перспектива, за Канбера и регионот.

CANBERRA AND REGION
**HERITAGE FESTIVAL**
**QUESTIONS & CHANGE**
18 APRIL - 7 MAY 2017





# ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ И ИЗБОР НА НОВО РАКОВОДСТВО НА MOYA (МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА МЛАДИНА НА АВСТРАЛИЈА)

*Даниела Затаракоска - секретар*

MOYA.MPC

MOYA (Macedonian Orthodox Youth of Australia), или Македонска православна младина на Австралија, на својот редовен генерален состанок одржан на 29.06.2017 година го изгласа своето ново раководство на организацизијата. За председател едногласно беше изгласан Отец Гаврил Галев, а за негов заменик и потпретседател Ананија Ананиевски. Потоа за секретарка беше изгласана Даниела Затаракоска, а за благајник Елена Марушевска.

Целта на MOYA е да организира и да присуствува на духовни патувања, да присуствува во активности и да ја споделува православната вера. Младите што се инволвирани во оваа група ги имаат истите верувања и вредности, кои сакаат да ги споделат со останатата македонска и австралиска заедница преку различни активности и проекти.

Групата е духовно раководена од отец Гаврил, кој ги води младите во верата и ги советува преку веронаука. Отецот Гаврил секогаш ги поддржува младите да растат како група, прво на духовно ниво, но исто така и во социјални активности и проекти што ја одразуваа нашата вера.

Македонска православна младина на Австралија ќе продолжи со споделување на верата преку активности и други медиуми, како што се социјалните медиуми, како и организирање на годишен семинар.






# YOUTH AND A SPIRITUAL DIRECTION

*Dr. Ananija Ananievski*

**„Our youth are the future of the Church, but also the Church is the future of our youth“**

No one will deny the importance of the youth in the church, for as we look at our youth, we look at the future membership of our church, and just as the destiny of a Nation depends on the kind of men and women that constitutes its citizens, so does the destiny of our church depend on the training and teachings our youth receive in the church, so it is vitally important that our youth is given good spiritual training.

The character of a youth is first developed in the home. Here a child is first taught of God. Here is where the roots of a future Orthodox Christian take hold. What roots are desirable in our future church members, what must we do to train our future members? First, there must be moral discipline which comes from respect and regard for moral values and respect for the thoughts of others. There must be a sense of personal responsibility and obligation to God. Today there is an enormous pressure put on our youth to live and think only for the present, and enjoy life; but if our future church is to be strong we must establish strong Orthodox Christian roots in our Youth.
They must be taught the importance of Christian worship as their duty to our heavenly Father. They must be taught to attend church service regularly; and while there, they must be sincere in the worship of God. They must reverence the Lord's house, and all the sacred and holy things therein, because God lives invisibly in His house. They must also be taught to thank God for all the good things He has given them and to ask Him for help in everyday living; to give them health; to comfort their pains; to enlighten their way of thinking and living; to forgive their sins, and to give them power to become better Christians, so that our Holy Church will remain strong.
They should also participate in the Holy Sacraments regularly and with a pure heart. They should learn as youth to grow in stature and wisdom in harmony with God. If we can instill these important things in the hearts and minds of our youth, we can look forward to a church with a glorious future, for the youth of today are the church of tomorrow, and as a tree is bent so will it grow.
It is tremendously important, that the youth of our church are allowed to be active members. It is the duty of all parents to see that their children are attending religious education and Church regularly and that they are active in all Orthodox youth organizations. Our Holy Orthodox Church is the oldest Christian church in the world, and as our forefathers preserved its teachings for us, so we must keep it strong for future generations by teaching our youth.
However, one of the greatest needs of our young people today is Spiritual Direction. Never before have I seen more young people seeking to better understand their faith, yet at the same time I have never sensed a greater lack of spiritual direction available to them. All one has to do is spend time with young people and ask them what is going on in their lives to see this need. Ask them; what are their struggles; what is important to them, and one is confronted with young people who are asking the "big questions" of who they are and how they fit in and relate to one another and how they fit into the greater picture. Our young people want to know that their lives matter and that they can affect the world they live in a real, positive, and profound way. At the same time one also sees that our young people are confronted with issues that demand attention and answers from the Church. The Church should respond, not simply because they are questions that the Church should traditionally answer, but because the Church can and should have a profound impact on our people, particularly in these areas.
Precisely at a time when our young people need the Church and direction from her, the Church seems to be the quietest she has been in history. There appears to be no great commitment or effort towards providing Spiritual Direction to our young people, and despite this, our young people on their own continue to seek such direction. The question becomes, if we are silent, then whom are they listening to? Again, one only has to listen to their questions, follow their discussions on the Internet or in person and look at the constant seeking for meaning in their music and other forms of media. Unfortunately, we as Church seem ill equipped, or unwilling, to provide Spiritual Direction to our young people in a way that touches their everyday life and profoundly changes its direction. We avoid talking about the issues that really matter in their lives, i.e. "Who are we, as a people of God and how do I fit in and do I belong?", "Commitment", "meaning of life", "Who God is in relation to my life and does it matter and if so how?", "Sexuality", "Abortion", "Homosexuality", "Aides", "Euthanasia" and so forth. One simply has to attend a Parish Meeting to see where the focus of our parishes are, to see that these major issues have been relegated to the domain of the Priest, when and if he has time and of course to only be done in a none-pervasive manner.
If we really want to impact the lives of our young people and make a difference in their lives, then we need to take the Spiritual Direction of our young people seriously. We can no longer focus on simple social treats for our young people, hoping somehow or another that they will fall into a commitment in the life of the Church. It simply does not happen that way. Commitment to Christ and His Church comes about by deliberate education, mentoring, and drawing into the Body of Christ of our young people. We need more people who are committed to "mentoring" and or providing Spiritual Direction for our young people, leading them into a life committed and based on Christ and His Church. This commitment will not just happen, it has to be nurtured and encouraged by the whole community. I am not talking about turning our young people into monks, though we need to do that with those who are called to such a life, but rather equipping our young people with the tools to live a full and whole life. In so many ways we have abdicated our responsibilities as parents, educators, and the Church to society in general and in particular to the media to form our children, young people and ultimately our adults moral and ethical systems. The results of this abdication of responsibility and nurturing have been catastrophic and even deadly. It is time that the Church regains Her place, being the body of Christ, as the one who sets the agenda for moral and ethical development. This role of the Church can only take place and be effective, if the Church acts as the Body of Christ.
If the Church desires to have impact on society and the life of our young people, then the Church must take

“ The character of a youth is first developed in the home. Here a child is first taught of God. Here is where the roots of a future Orthodox Christian take hold.





seriously its expected role in moulding and modelling the thinking and actions of our young people. I can think of no time in the life of this country when the influence and guidance of the Church has been needed more. General statements, articles and workshops will not change the life of our people, people will change people. What is needed are role models, mentors and Spiritual Directors who can set the example in their lives, affect others by simply being who they are, be present and preach the Gospel. I have watched over the years many young people grow and mature under the spiritual direction of a mentor or spiritual father or mother and have seen that such a relationship really does matter.

That is why the Macedonian Orthodox Youth of Australia (MOYA) plays a crucially important role for our parishioners and future generations of our Church. In simple terms, MOYA's objectives are to be an auxiliary religious youth organisation under the patronage of the Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric; which has exercising jurisdiction over the Macedonian Orthodox youth in the Diocese that covers the geographical location of Australia and New Zealand, under the direct patronage of Bishop Timothy - Metropolitan of Debar and Kichevo, who seeks to unite the whole Macedonian Orthodox Community throughout Australia and New Zealand.

Over the past couple of months, MOYA has had an array of events, including: social gatherings, sporting events, religious education and wider community outreach. With God's help and grace, much more can and will be done into the future, as we continue to grow and learn from one another. We must not be afraid to bring the wisdom of faith in every aspect of our life. As young Christians, we are not only a part of the future of the Church; but we are also a necessary and beloved part of the Church's present.












# ИЗБРАНИ ПОУКИ ОД СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

*„Свети Климент Охридски - Собрани дела: Слова, поуки, житија“*

Бог е вечна и бесконечна Светлина, неприкосновена, ниту за умот достижна, ниту со збор искажлива, неопфатна и недопирлива. Таа е просвештение за секое разумно создание. Таа е за духовниот она што е сонцето за видливиот свет. Таа го просветлува овој видлив свет и го прави забележлив за телесните очи. Доколку се осветлуваме, Таа Светлина е чувствувана од нас; доколку е почувствувана, Таа буди љубов кон Себе; и доколку е возљубена, дотолку е спознавана од нашиот разум. Тука запира секоја желба. Над Неа не може никој да се издигне, ниту, пак, некој може да Ја опфати, оти ништо не е, не било и не ќе биде повисоко и поголемо од Неа. Само Таа се познава Себеси, таква каква што е; само Таа се созерцува и опфаќа Себе, покажувајќи им малку од својата суштина и на оние што се надвор од Неа. Никој не видел ниту слушнал, ниту некој може да Го види Бога во Неговата суштина. Само Он е единствен Творец на сé – видливото и невидливото. Ние говориме за таа светлина, која е во Отецот и Синот и Светиот Дух. Нивното Божество е во три Ипостаси, и во едното сјаење на светлоста. Ние имаме еден Бог Отец, од Кого е сѐ, и еден Господ Исус Христос, преку Кого е сé, и еден Дух Свет, во Кого е сé.

Браќа, да бидеме трезвени и со чиста совест да пристапиме кон телото и крвта Божји (Причеста), без да имаме непријателство со никого; да не се сакаме со лицемерна љубов, туку еден со друг да се почитуваме од срце да бидеме синови на Севишниот и учесници во Царството небесно, во кое дојде да нé повика Христос, нашиот вистински Бог, Синот Божји, Кој е двоен по природа, еднакво славен во (Света) Троица.

Браќа, да се потрудиме да направиме богоугодни дела, зашто преку тие дела ќе се наречеме синови Божји и, откако овој живот ќе го проживееме добро, да се удостоиме и за идните блага, славејќи ја Троица во Единица, едно Господство, една светлина во три Лица; едната природа не ја делиме на три бога, трите Почетоци ги собираме во едно Божество – во Отецот и во Синот и во Светиот Дух.

Браќа, да не бидеме мрзливи, и ние, кога имаме таков милостив Господ, туку да отфрлиме од себе секаква злоба, завист, клевета, срамни дела и недолични постапки, и со чиста совест да дојдеме во Божјата Црква и, со страв стоејќи во неа, да бараме прошка на гревовите и вечен живот, за да бидеме достојни да пристапиме кон пречистите тајни на телото и крвта Христови. Зашто тоа дело Божјо (светата Причест) нé прави достојн заедничари на Царството небесно.

Браќа, секогаш кога се собираме во црква, потребно е со љубов да Му оддаваме почит, поклонување и пофалби на Единствениот Бог, Кој со три својства, односно Ипостаси, што може да се разбере и како Лица, бидејќи во тие три Лица Божеството е неразделно, со една власт и сила устројува сé. Трите Лица имаат една и иста власт, едно царство, едно Господство, една сила и една чест, и едно поклонение оддавано непрестајно од сето создание.

Избор и подготовка:
др. Ананија Ананиевски

# ДИМИТРИЈА (МИТРЕ) ДУПЕШОВСКИ

Иако можеби навидум како обични на еден Македонец, сепак животот и делото на Димитрија (Митре) Дупешовски, за нас се светол пример од минатото и патоказ за иднината. Од него ќе се учиме и го следуваме, ние, неговите потомци! Тој е како еден фактор во градбата на црковното и националното македонско дело во Австралија, без кој никогаш немаше да биде тоа што денес е.
Димитрија е роден е на 17. Октомври 1930 година во подпелистерското село Цапари. Но судбината, како многу наши македонци, ги натерала да бараат начин за подобар живот. Така, во јануари 1963 година Димитрија, доаѓа во ветената земја Австралија. Најпрвин кај своите блиски во Фремантле во Западна Австралија. Се вработува во Австралиската железница и таму останува околу една година.
Во 1964 година се преселува во Сиднеј, во 1965 година неговото семејство се комплетира со доаѓањето на неговата сопруга Цвета и синот Тоде.
Димитрија беше многу почитуван и ценет човек во заедницата, а особено во неговото пошироко семејство. Почитта пак, спрема сите нас, и придонесот што го вгради во неговото семејство според неговите добри црковно-национални и хумани дела, го направи да биде ретко достоен човек за кој веруваме дека ја заслужил најголемата награда и благодарност од постарите и сегашни генерации кои го паметат како вистински едноставен и секому близок човек.
Заедно со група активисти, негови истомисленици се основоположинци на културно-уметничкото друштво Илинден кое повеќе од педесет години е афирматор и репресент на Македонскиот опстој на Австралиските ветрометини, за кое е прогласен за доживотен член.
Еден е од иницијаторите и избран член во одборот за градба на црквата Св. Петка во Рогдејл, каде се запали за вечно да свети Светиклиментовото кандило, врз кое ние денес се идентификуваме. Тој е еден од неколкутемината кои ги ставија своите куќи под хипотека за да се подигне кредит од банката за градба на овој свет храм посветен на нашата маченичка Преподобна Св Петка. Големи се делата и активностите на Димитрија. И кој уште во тоа време сам донираше $4000 да се купат сите тули за црквата и истовремено деноноќно волонтерски работеше на нејзината изградба, а тоа е карактеристика на неговата силна вера во Бога.
Нам, на неговите соработници, продолжувачи, и најблиските, не ни останува ништо друго освен искрено да речеме: Нека почива во мир, во прегратките на Бога и да наследи место во живеалиштата на вечноживите, каде нема болки, нема таги, грижи, ниту било какви проблеми; таму каде што е Божјата рајска градина во која престојуваат Божјите ангели, Божјите светии и Божјите праведници!

Неговиот лик и дело ќе останат засекогаш длабоко врежани и незаборавени за нас, во нашите срца и души како тивок, мирен, пожртвуван, трудољубив и авторитативен човек.
Бог да те прости! Почивај во Божји мир! Амин

Кире Циревски





Македонска Православна Црква
Охридска Архиепископија
АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКА ЕПАРХИЈА
бр.
2017 год
СИДНЕЈ

До
Почитуваното семејство на
починатиот Димитрија (Митре) Дупешовски,

Почитувано ожалостено семејство,

Од името на МПЦ-ОА, од името на свештенството, телата и органите на Австралиско-сиднејската епархија, го изразуваме нашето сочувство за покојниот Димитрија Митре Дупешовски. Религиозното чувство и националната свест го мотивираа да биде еден од иницијаторите за организирање на црквата „Света Петка" во Роклејл. Знаејќи дека иднината и животот на општината ќе зависат од младите поколенија, тој целосно се ангажираше и се вгради во КУД Илинден, кое подоцна прерасна во едно од најсилните друштва во Австралија.

Се молиме на Семилостивиот Господ, да ја успокои неговата душа, таму каде што нема болка, жал и воздишка. На семејството нека им даде утеха, што имале таков родител, а на пријателите што имале таков другар, познаник и пријател.

Бог нека го прости и нека му е вечен споменот!

Со архипастирски благослов,

МИТРОПОЛИТ
ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКИ И
АДМИНИСТРАТОР
АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКИ
ТИМОТЕЈ





# ВЛАДИМИР (ВЛАДЕ) ГРБЕВСКИ



Владимир (Владе) Грбевски заедно со неговото семејство Грбевски, се личност и фамилија чии заслуги и дела македонската и црковната заедница во Австралија, не може да ги заобиколи, ниту пак да ги заборави.
Владимир е роден во с. Ѓавато - Битола, Р. Македонија на 21 Мај 1941 година. Ја дели истата судбина како многумина од тогашните доселеници, кои го оставаат своето семејство и доаѓа сам во Австралија во Септември 1962. Со семејството, после долгата разделба, за прв пат ќе се види по три години откако тие ќе дојдат во Сиднеј. Тогаш тој, Владе, прв пат го видел и единствениот син Димитар - Цим, кој во меѓувреме се раѓа.
Уште во почетокот на неговиот живот во Австралија, Владимир Грбевски е активен во македонската заедница во Рокдаел, Сиднеј. Најмногу во организирањето и изградбата на црквата Св. Петка во Рокдаел и фудбалскиот клуб "Илинден", како и во "Ресурсниот Центар за Мигранти".
Тој е избран за член на првиот одбор во организирањето, купувањето на место и изградбата на црквата и е еден од Првите донатори и постојани поткрепители на црквата. Не се знае само колку волонтерски часови Владе има посветено во работата за изградба на црквата.
Заради таа негова сесрдна посветеност во 1985 година бил избран и за претседател на црковната општина до 1987, а потоа уште две години како заменик претседател.

Благодарение на големиот број активисти и неуморни работници и донатори, црквата Св. Петка за една година беше изградена и исплатена од долговите. Покрај црквата, веднаш до неа се изгради и културниот центар. Се купи детска градинка, па дури и зграда со шест станови. Во 1987 беше добиен и манастир, како место, во регионот Helensburgh.
Владимир Грбевски беше смирен, грижлив, вистински другар, пријател, секогаш подготвен да помогне и омилен помеѓу народот. Посветен родител и сопруг, ја сакаше и подржуваше фамилијата се до крајот на својот земен живот.

### Нека почива во вечен Божји мир! Амин



Македонска Православна Црква
Охридска Архиепископија
АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКА ЕПАРХИЈА
бр.
2017 год
СИДНЕЈ

До
Почитуваното семејство на
починатиот Владе Грбевски,

До почитуваното семејство на починатиот Владе Грбевски,

Од името на МПЦ-ОА, од името на Австралиско-сиднејската епархија и од свое лично име, изразуваме сочувство на семејството на покојниот Владе Грбевски. Покојниот Владе се одликуваше со чесност, длабока религиозност, вредност, педантност и работливост. Уште од самиот почеток на организирање на црквата „Света Петка" во Рокдејл, беше вклучен и даваше свој придонес за заживување на црквата. Како таков, беше избран и извршуваше должност на претседател на црквата „Света Петка". Тој ќе остане запаметен како ревносен посетител на црквата, добар патриот и исполнител на сите обврски што му беа доверени од страна на управата.

Се молиме Господ нека ја упокои неговата душа во лоното на Авраама, Исака и Јакова.

Нека му е вечен споменот и Бог да го прости,

Со архипастирски благослов,

МИТРОПОЛИТ
ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКИ И
АДМИНИСТРАТОР
АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКИ
ТИМОТЕЈ



# ЗА ВРЕМЕТО НА ДОАЃАЊЕТО НА АНТИХРИСТОТ

*игумен Гаврил (Галев)*

Доаѓањето на антихристот е реалност и ќе се случи еден ден, а кога никој не знае, освен Отецот Небесен. Затоа не треба да се верува на ниедно такво пророштво, иако реалната состојба во светот покажува дека времето е многу блиску. Тоа може да се случи и утре и задутре или за некоја година, но и за илјада години. Ова прашање ја вознемирувало Црквата од почетокот. Се сеќавате дека и свети апостол Павле им пишува за тоа на солуњаните (2 Сол. 2), па ете антихристот, и после речиси 2000 години оттогаш, сè уште не е дојден.

Неговото дело е да го заплашува народот Божји и да сее вознемиреност во нашите срца, но нема од што да се плашиме и вознемируваме. Ние да се подготвуваме како да ќе се случи тоа уште утре. Преку исповед, пост, молитва, покајание, добродетели - а како печат и полнота на сето тоа со редовно причестување со пречистите и животворни Христови Тајни - да се потрудиме во подвигот на очистување на нашето срце од страстите, за отворањето на срцето за Бога, и да ја актуелизираме полнотата на крштенската благодат на Светиот Дух внатре во своите срца. Да се исполниме со секое добро дело. Мирот и љубовта во нашите срца да ни бидат единствениот критериум, и со тоа ќе го попречиме доаѓањето на антихристот, и ќе си помогнеме и себеси и на другите околу нас.

И за крај, молитвата „Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот (грешната)“, или пократката нејзина верзија „Господи Исусе Христе, помилуј ме!“ да ја повторуваме постојано, во секоја пригода, а особено кога ќе ни е тешко и кога се наоѓаме во искушение.



# ABOUT THE TIME OF THE COMING OF THE ANTI-CHRIST

*abbot Gavril (Galev)*

The coming of the antichrist is a reality and it will happen some day – when it will be, no one knows but the Heavenly Father. Therefore, do not believe any such prophecy, although the actual state in the world shows the time is quite near. It could happen tomorrow or the day after tomorrow or in a year, but also in a thousand years. This question has upset the Church right from the start. You remember that the holy Apostle Paul, too, writes about this to the Thessalonians (2Thess. 2), and still the antichrist, after almost 2000 years now, has not yet come.

His work is to intimidate the people of God and sow anxiety in our hearts, but we have nothing to be afraid of and be anxious about. We should prepare ourselves as if it would happen already tomorrow. By virtue of confession, fasting, prayer, repentance, virtues – and as a seal and fullness of all this by regular partaking of the Precious and Life-creating Mysteries of Christ – let us exert ourselves in the struggle for purification of our heart from the passions, for opening of our heart to God, and for actualization of the fullness of the baptismal grace of the Holy Spirit within our heart. Let us fill ourselves with every good deed. Let peace and Love in our hearts be our sole criterion, and thus we will prevent the coming of the antichrist and help each other and also the ones in our surrounding.

To complete with, repeat constantly – at all times, and particularly whenever you find yourselves in trouble and temptation – the prayer 'Lord Jesus Christ, Son of God, have mercy on me a sinner', or its shorter version 'Lord Jesus Christ, have mercy on me'.







# ДО РЕДАКЦИЈАТА НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“

Морам мојата голема радост по повод излегувањето на прекрасното списание „Православие“ да ја споделам со Вас – редакцијата на истоименото списание, кое за прв пат излегува во нашата епархија. Држејќи го во рака нашиов епархиски гласник – ја имав можноста прв пат да се запознаам со некои за мене досега непознати работи и духовно да се наследувам со вистините на нашата православна вера. Исто така, освен разните духовни теми, кои се застапени во списанието, тоа содржи и разни вести и настани од животот на нашата Епархија и Црква со што верникот може да се запознае со новостите, кои се актуелни и важни за сите нас на петтиот континент, во дијаспората, но секако и за сите искрени верници од сите страни на светот, па и од Македонија.

На ова списание гледам како на едно светило, кое читајќи го постепено, но сигурно ги осветува сите, кои го читаат. Најтоплосрдечно Ви го препорачувам и го молам Бога, сите оние, кои го читаат да ги просветлува во духовниот живот, а на Вас, кои работите на него да Ви дава духовни и физички сили да преуспевате во ова полезно дело за сите православни христијани.

Едно вакво списание, според мене беше најсушна потреба и од исклучителна важност за православниот млад човек во нашата дијаспора, бидејќи на младиот човек, кој е иднината на нашата Црква во Австралија неопходно му е потребна духовна храна, како и начин да се доближи и да влезе во храмот Божји.

Списанието е еден вид мисија, која треба да продолжи за доброто на сите нас, па во таа смисла со особена радост го поздравувам Епархискиот црковно – просветен совет да продолжи со ова спасоносно дело и набрзо да нè израдува со нов број, во чии квалитети би немал ниту трошка сомнеж, гледајќи го првиот број.

Со искрена почит,

Н. М.




Архимандритот Јустин Парву има речено: „Современиот човек е премногу окупиран со ситници и глупости, и е опседнат со многу лажни идеи и не умее да избере“. Оваа сама реченица ме доведе до размислување за списанието „Православие“, чие прво издание излезе пред неколку месеци. Во современиот свет навистина сме растргнати со најразлични новости во секое време, од тероризам до најнова технологија, од медицина до виртуелна реалност. Човекот е толку распнат и навистина не знае што да избере и со што да се поистоветува. Можеби во денешно време е најтешко да се најде човек којшто вистински се познава и ќе се претстави како што е, наместо да демонстрира некој карактер од некој филм, или своја визија за себеси. Покрај сите растројства во светот навистина се гледа потребата од едно списание како „Православие“.

Ова списание го гледам како еден патоказ којшто може да го води човекот од секојдневното бунило кон исконската основа на нашето постоење. Ова списание е опремено со најнови новости од целото Православие без да е ограничено со канџите на националноста. Во неговите содржини има текстови од свети отци, до кои тешко може да се дојде, а се цврсто поврзани со нашето секојдневие. Секако и најмладите не се заборавени со оригинални прикази инспирирани од Библијата и житијата на светителите.

„Православие“ е издание за многумина, а велејќи го ова,не се ограничувам само за луѓе од православна вера, туку за сите луѓе. Цврсто верувам дека секој што ќе го земе ова списание во раце, ќе се ослободи од многу пранги во својата душа и ќе влези во Храмот на срцето, каде што се влегува со желба за убавина, со љубов и со безмерно трпение.

Со почит,
С. Г




ИЗДАВА:
Епархиски црковно – просветен совет на Австралиско – сиднејска епархија

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Митрополит Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј

ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК:
игумен Гаврил (Галев)

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР:
протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, протојереј Чедомир Илиевски, Кире Циревски, Јовица Ѓорѓовски, др. Ананија Ананиевски

СОРАБОТНИЦИ:
Силвана Ѓоргиев, Даниела Затаркоска

ЛЕКТОР:
Наташа Деспотовска - Димитриевска

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН:
Ангел Мицевски



mpcaus.org

pravoslavie@mpcaus.org